Анекс 13 од Оперативниот водич

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ
MINISTRIA E KULTURËS DHË E TURIZMIT
Бр.-Nr. 35 – 634/8
30 . 01 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

# ФОРМАТ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИТЕ ЗА СОСТОЈБАТА СО ЗАШТИТАТА ОД СТРАНА НА ДРЖАВИТЕ ЧЛЕНКИ

**(во согласност со параграф 169 од Оперативниот водич)**

СВЕТСКО НАСЛЕДСТВО – ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО
НА ОХРИДСКИОТ РЕГИОН (Албанија/Република Северна Македонија) (C/N 99)

**Извештај за состојбата со заштитата на Природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (47 COM 7B.54)**

Архивски знак:
Shenja arkivore
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:
20__ година
viti

**Извештај за состојбата со заштитата на Природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (47 COM 7B.54),**

**Име на доброто**: Природно и културно наследство на Охридскиот Регион (Албанија/Република Северна Македонија) (C/N 99)

**Датум на впишување:** 1979 г.
**Проширување:** 1980, 2019 г.
**Година на незначителна промена на границите**: 2009 г.
**Критериуми:** (i) (iii) (iv) (vii)

## 1. Кратко резиме на Извештајот

Република Северна Македонија и Република Албанија континуирано ја потврдуваат својата заложба за зачувување на исклучителната универзална вредност на Природното и културното наследство на Охридскиот Регион. Овој Извештај за состојбата со заштитата на Природното и културното наследство на Охридскиот Регион дава сеопфатен преглед на активностите реализирани во текот на 2025 година и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (47 COM 7B.54), како и на препораките од реактивните мониторинг-мисии од 2017, 2020 и 2024 година, со посебен акцент на зајакнатата прекугранична соработка меѓу двете држави во насока на заедничко управување со доброто.

Во текот на 2025 година, Република Северна Македонија презеде конкретни институционални дејства за унапредување на системот на управување со Охридскиот Регион, во согласност со Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион (2023 – 2030). Во декември 2025 година, Владата на Република Северна Македонија донесе серија одлуки и задолженија до релевантните институции за спроведување приоритетни реформи и мерки дефинирани во Стратегискиот план.

Како резултат на оваа владина акција, формиран е централизиран меѓуресорски кризен координативен штаб за имплементација на Стратегискиот план, кој започна да работи во јануари 2026 година. Штабот е управуван од министерот за култура и туризам и функционира директно како тело на Владата, под нејзини инструкции, со цел да обезбеди координирано, системско и мерливо спроведување на реформите и приоритетите за заштита на исклучителната универзална вредност.

Реформскиот пакет на Владата на Северна Македонија опфаќа значајни подобрувања на правната и управувачката рамка, контролирано просторно и урбанистичко планирање со акцент на старото градско јадро на Охрид и крајбрежниот појас на Охридското Езеро, ажурирање на евиденцијата и системски пристап кон бесправната изградба, како и продлабочување на прекуграничната координација и управување со Република Албанија. Министерството за животна средина и просторно планирање изготви Предлог-закон за прогласување на Студенчишко Блато за парк на природата, односно е при крај со активностите поврзани со постапката за негово донесување. Следствено, сите препораки од Реактивната мониторинг-мисија што се однесуваат на Студенчишко Блато ќе бидат реализирани во најкраток можен рок.

Во нормативната сфера, беше подготвен текст на нов Предлог-закон за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион, а беше извршена и сеопфатна ревизија на Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење. Двата закона влегоа во законодавниот процес во јануари 2026 година.

Во смисла на точка 17 од Одлуката 47 COM 7B.54, наведените дејства обезбедуваат структурна основа за развој на корективни мерки и нивно завршување во консултација со Центарот за светско наследство и советодавните тела, вклучително и преку иницирање консултации со релевантни меѓународни партнери за техничка поддршка и усогласување на приоритетите.

Паралелно на овие процеси, во согласност со Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на РМ“ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 3/25 и 160/25) и мерките предвидени во Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 – 2029), Управата за заштита на културното наследство е во постапка на изготвување на Национална стратегија за заштита и користење на културното наследство (2025 – 2029), како прв национален стратегиски документ од ваков вид. Во доменот на зајакнување на правната рамка, Управата за заштита на културното наследство активно учествува во изработката на новиот Закон за заштита на културното наследство, чија цел е унапредување на сеопфатниот и системски пристап кон заштитата и управувањето со културното наследство.

Во областа на природното наследство, ЈУ Национален парк „Галичица“ изработи План за управување со посетите, чија имплементација е планирана за периодот 2026 – 2030 година, со цел подобро регулирање на туристичките активности и намалување на притисоците врз чувствителните подрачја.

Прекуграничниот дијалог меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија продолжи да се одвива во континуирана и тесна координација меѓу надлежните институции од двете држави. Значаен резултат на оваа соработка претставува објавувањето на просторните податоци за прекуграничното добро „Природно и културно наследство на Охридскиот Регион" на официјалната геопросторна платформа на УНЕСКО – UNESCO Sites Navigator (World Heritage Online Map Platform), што претставува важен чекор кон зголемена транспарентност, подобро планирање и усогласено управување со доброто на меѓународно ниво.

**2. Одговор на Одлуката на Комитетот за светско наследство:**

<u>Одлука: 47 COM 7B.54</u>

**Комитетот за светско наследство,**

1. <u>По разгледување</u> на документот WHC/25/47.COM/7B.Add.3,

2. <u>Потсетувајќи</u> редоследно на одлуките **40 COM 7B.68**, **41 COM 7B.34**, **43 COM 7B.36**, **44 COM 7B.77**, **45 COM 7B.104** и **46 COM 7B.44**, усвоени на неговата 40-та сесија (Истанбул/УНЕСКО, 2016 година), 41-ва сесија (Краков, 2017 година), 43-та сесија (Баку, 2019 година), продолжената 44-та сесија (Фуџоу/онлајн, 2021 година), продолжената 45-та сесија (Ријад, 2023 година) и 46-та сесија (Њу Делхи, 2024 година),

3. <u>Посочува со длабока загриженост</u> на континуираното деградирање на атрибутите што ја изразуваат исклучителната универзална вредност (ИУВ) на доброто, како што беше повторно потврдено од Реактивната мониторинг-мисија од 2024 година, и <u>ги повикува</u> државите членки да ги спроведат препораките на мисијата, како и преостанатите препораки од мисиите од 2017 и 2020 година.

Јавното претпријатие за државни патишта презема активности во рамки на својата институционална надлежност, со цел усогласување на инфраструктурните интервенции со режимот на заштита на доброто. Преземените и планираните активности претставуваат дел од континуиран одговор на препораките на Комитетот за светско наследство и нивно постепено спроведување низ повеќе мониторинг-циклуси, вклучително и препораките што останаа нерешени од реактивните мониторинг-мисии од 2017 и 2020 година, а кои се повторно потврдени и дополнително нагласени со мисијата од 2024 година.

Во контекст на препораката за повторно воведување мораториум за градба и ограничување на исклучоците, во рамки на управувањето со инфраструктурните активности во заштитеното подрачје, Јавното претпријатие за државни патишта, како институција надлежна за државните патишта, не носи урбанистички одлуки, но во рамките на својата надлежност не иницира нови измени врз заштитеното подрачје и редовно бара мислење од Комисијата за управување со природното и културното наследство пред започнување нови инфраструктурни активности (Препорака 1.g од РММ 2024).

Во однос на Студенчишко Блато, Јавното претпријатие за државни патишта соработува со Министерството за животна средина и просторно планирање, како и со Националната установа Завод за заштита на спомениците и музеј – Охрид, во согласност со препораката за заштита и унапредување на деградираните делови, спречување изградба на трајни објекти по должината на променадата и ревизија на користењето на крајбрежјето во рамки на релевантните плански документи (Препораки 2.h, 2.i, 2.j од РММ 2024).

За да се обезбеди транспарентност, институционална координација и континуитет во управувањето, Јавното претпријатие за државни патишта редовно ја информира Комисијата за управување со природното и културното наследство и навремено доставува барања за мислење при секое ново проектирање или градба (Препорака 3.d од РММ 2024).

Како одговор на препораката што се однесува на изработка на Стратегиска оцена на влијанието (SEA) за сите инфраструктурни проекти и доставување на студиите до Центарот за светско наследство, Јавното претпријатие обезбедува поддршка и техничка координација со проектната единица за коридорите 8 и 10 д, особено во делот на подготовка на инфраструктурни студии и процени (Препорака 6 од РММ 2024).

Во таа насока, треба да се истакне дека Министерството за транспорт донесе Одлука за спроведување на стратегиска оцена за планскиот документ Патен коридор за Коридор 8, делница на автопат Требеништа – Струга – Франгово, којашто се наоѓа во заштитеното подрачје на УНЕСКО. Целта на Одлуката е да се спроведе постапка што ќе ги утврди сите можни влијанија врз заштитеното добро, кои би ги дале насоките за понатамошно одлучување, односно изнаоѓање алтернативна траса за оваа патна делница. Горенаведената Одлука е приложена во анекс 1.

***

Во однос на зачувување на атрибутите што ја пренесуваат исклучителната универзална вредност (ИУВ) на Охридскиот Регион и повикот за доследно

спроведување на препораките од реактивните мониторинг-мисии, Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид, која покрива територија на четири општини: Охрид, Струга, Дебрца и Вевчани, во улога на регионален конзерваторски центар, воспоставува механизми за заштита на културното наследство на доброто. Во рамките на своите законски надлежности, НУ Завод и музеј – Охрид врши конзервација и реставрација на поединечно заштитените добра, но и контрола врз спроведување на Планот за управување со Охридскиот Регион во делот на културно наследство. Во таа смисла, установата издава мислења за изработка на заштитно-конзерваторски услови, во согласност со Законот за заштита на културното наследство, на барање од потенцијалните инвеститори кои сакаат да извршат градежни интервенции во старото градско јадро на Охрид. Потоа мислењето се доставува и до Комисијата за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион пред да се достави до Управата за заштита на културното наследство, кои потоа носат решение за заштитно-конзерваторски услови како предуслов за изработка на конзерваторски проект. Потоа, и во процесот на проектирање се врши контрола на конзерваторските проекти за кои се изготвува извештај со кој се потврдува или се даваат забелешки на усогласеноста со претходно дадените заштитно-конзерваторски услови. На крајот од оваа постапка се добива конзерваторско одобрение од страна на Управата за заштита на културното наследство. Постапката потоа продолжува во Министерството за транспорт, од каде што се добива соодветно одобрение за бараните интервенции во согласност со Законот за градење. Сета оваа постапка, која користи повеќеслојна контрола на процесот за добивање одобрение, дава одредена гаранција дека правилно ќе се применува Планот за управување со Охридскиот Регион и притоа ќе се зачувува исклучителната универзална вредност (ИУВ) на доброто. Во контактната зона на старото градско јадро на Охрид, според Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење, се издава конзерваторско мислење на основен проект, кое е основа за добивање одобрение, во согласност со Законот за градење, од страна на Општина Охрид. За преостанатите делови од Регионот, при барање за некаква градба се користат режимите од соодветната зона според Планот за управување со Охридскиот Регион и се издава мислење за усогласеност од страна на НУ Завод и музеј – Охрид, што е, исто така, основа за понатамошна постапка за добивање соодветно одобрение од надлежната општина.

***

Во контекст на континуираното спроведување на препораките од реактивните мониторинг-мисии, Управата за заштита на културното наследство, во согласност со законските прописи, одобрува заштитно-конзерваторски основи и услови за културното наследство, кои претставуваат документациска основа за негов третман во просторните и урбанистичките планови. На тој начин се обезбедува интегрирање на соодветен режим на заштита во планската документација, кој изготвувачите на планови се должни да го почитуваат. Понатаму, Управата е вклучена во спроведување на мерките предвидени со Акцискиот план на Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион (2023 – 2030), особено оние што се однесуваат на заштита на старите градски јадра на Охрид и на Струга. Во рамките на своите надлежности, Управата спроведува активности насочени кон зачувување на археолошките остатоци и кохерентноста на архитектонските и урбанистичките целини (Препорака 19 од РММ 2017).

Покрај наведеното, континуирано врши стручна контрола на конзерваторските проекти, издава конзерваторски одобренија и ја следи реализацијата на конзерваторските активности во регионот на Охридското Езеро преку својата инспекциска служба. Во периодот декември 2024 – ноември 2025 година, инспекциската служба при Управата за заштита на културното наследство извршила вкупно 37 вонредни инспекциски надзори во Охрид и 6 во Струга, при што дополнително е постапено по две претставки во Охрид и една во Струга.

Поради утврдена опасност што им се заканува на одделни културни добра, а по барање на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид и во согласност со одредбите од Законот за заштита на културното наследство, во извештајниот период за културно наследство во опасност се прогласени следниве објекти: „Куќата на Момирови“ во Охрид и управната зграда на НУ Музеј „Д-р Никола Незлобински“ во Струга. Културното наследство во опасност, без оглед на видот и категоријата на која припаѓа, има приоритет во спроведувањето на мерките за заштита.

Со цел унапредување на валоризацијата и заштитата на културното наследство во Охридскиот Регион, врз основа на изготвен елаборат за валоризација, во тек е постапка за прогласување на објектот „Државен архив на Република Северна Македонија – Подрачно одделение Охрид“ за значајно културно наследство.

Во однос на препораките поврзани со справување со бесправно изградените објекти во Охридскиот Регион (Препорака 9 од РММ 2017 и Препорака 2 од РММ 2020 и 2024 година), Управата за заштита на културното наследство, во постапките за нивна легализација регулирани со Законот за постапување со бесправно изградени објекти

(„Службен весник на РМ“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14,115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и 174/21), издава согласност и/или известување за недавање согласност врз основа на стручно мислење на НУ Завод и музеј – Охрид.

***

Во согласност со препораките од Реактивната мониторинг-мисија од 2024 година, во текот на целата 2025 година продолжи систематската заштита на културните споменици и цркви во Северна Македонија преку континуирани конзерваторски и реставраторски активности од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид, при што беа реализирани повеќе конзерваторски и реставраторски проекти насочени кон зачувување на клучните атрибути:

- Санација на покривот и на надворешната столарија на „Лапидариум“ во музејскиот комплекс „Робевци“ – реконструкција на терасата, санација на внатрешни и на санитарни простории, реставрација на западниот калкански ѕид и поставување нов олук.




- Конзерваторско-реставраторски работи на ул. „Партизанска", Струга – замена на надворешна столарија и други активности за заштита на архитектурата, фаза 3 на капитален проект.




- Санација и тековно одржување на покривот на ѓакониконот на археолошкиот локалитет „Плаошник" – поставување дрвени греди, под од штици, непропустлива фолија, керамички покрив и олуци.




- Статичко зацврстување, санација и реставрација на црквата „Св. Варвара", ул. „Илинденска", Охрид – изградба на потпорен ѕид во согласност со ревидиран градежно-конструктивен проект со цел обезбедување механичка стабилност и сеизмичка заштита.






- Преземање итни мерки за заштита – „Куќата на Момирови“, Охрид – Изработен е проект за демонтажа и отстранување на опасни елементи од „Куќата на Момирови“, која е прогласена за културно наследство во опасност. Проектот доби позитивно стручно мислење од НУ Национален конзерваторски центар – Скопје и беше доставен до УЗКН за конзерваторско одобрение, при што беа утврдени заштитно-конзерваторски услови. Со овие итни мерки е обезбедена стабилност на објектот и превенција од понатамошно оштетување, што е клучно за неговата идна конзервација и ревитализација.






- Археолошки доистражувања со цел изработка на Елаборат за валоризација – локалитет „Раица – Манастирите“, с. Љубаништа, Охрид – Во 2025 година се

изврши систематско археолошко истражување со цел потврда и дополнување на податоците за ранохристијанската базилика (V – VI век). Истражувањата открија целосни мозаични подови и крстилница, документирани со фотографска и техничка документација. Резултатите овозможуваат појасна археолошка слика за објектот и основа за изработка на елаборат за валоризација, планирање на конзервација и понатамошна научна обработка.



- Доистражување – Самуилова тврдина/Цитадела, Охрид – Истражувањата во 2025 година се фокусираа на средновековната некропола и дополнително документирање на вертикалната стратиграфија. Беа откриени 8 скелетни погребувања и делови од ѕидови кои го потврдуваат интензивното живеење во регионот во текот на вековите. Добиените податоци обезбедуваат основа за идни археолошки истражувања и целосно дефинирање на просторот за конзервација и презентација.





Scanned with CamScanner






- Конзерваторско-реставраторски работи на живописот во црквата „Св. Богородица Болничка“, Охрид – Во периодот август – ноември 2025 година продолжи реализацијата на конзерваторските интервенции според усвоен проект. Работите опфатија стабилизирање на фреско-малтер, чистење на фрескоживопис и пробни методи за третирање на делови од трансептот и наосот. Акцентот беше ставен на зачувување на оригиналната структура на живописот и подготовка за идни конзерваторски интервенции. Сите активности беа документирани со теренски дневник, фотодокументација и мерење на амбиенталните услови.
- За време на конзервацијата се водеше детално документирање, кое вклучуваше фотодокументација и графички материјали. Извршен е и вонреден инспекциски надзор од УЗКН, како и стручен надзор од Националниот конзерваторски центар.







- Возобновување – Богословски факултет на Плаошник, Охрид – Во 2025 година беа изведени градежни работи за конзервација на фасадите, вклучително и обработка на камен, поставување на капители и столбови, како и ѕидање со итонг и камен за оформување на фасадните отвори. Овие активности придонесуваат за заштита на архитектонскиот интегритет и идно одржување на факултетот како дел од културното наследство.




- Итни мерки – НУ Музеј „Д-р Никола Незлобински", Струга – Се реализираа итни заштитни мерки за просториите на Музејот, вклучително и зацврстување на постојната дрвена конструкција и таваница со нови греди. Работите обезбедуваат безбедност на објектот и создаваат услови за комплетна санација и конзервација на просториите до крајот на 2025 година.




4. Исто така, ги повикува државите членки континуирано да го зајакнуваат прекуграничниот дијалог, како на високо институционално така и на оперативно ниво, со цел обезбедување ефективно и одржливо управување.

За прекуграничниот дијалог на институционално и на оперативно ниво може да се констатира дека се одвива во континуирана и тесна соработка со надлежните претставници од албанска страна, вклучително и со институциите задолжени за заштита и управување со културното наследство во делот на Охридскиот Регион што се наоѓа на територијата на Република Албанија.

Благодарејќи на воспоставената соработка со креаторот на УНЕСКО ГИС-навигаторот, како и со надлежните институции од албанска страна, просторните граници на прекуграничното добро „Природно и културно наследство на Охридскиот Регион“, исцртани во форма на полигони, во моментов се јавно достапни преку „UNESCO Sites Navigator“, односно официјалната геопросторна платформа на УНЕСКО. Овие податоци се прикажани и на поединечната веб-страница на наследството на Центарот за светско наследство, што претставува значаен исчекор кон користење напредна, доверлива и јавно достапна дигитална алатка за поддршка на управувањето, следењето и заштитата на прекуграничното наследство во Регионот, со потенцијал за понатамошна анализа и подобрување на координацијата помеѓу засегнатите страни.

Полигонот на прекуграничното добро „Природно и културно наследство на Охридскиот Регион“ во моментов е достапен на следниов линк:https://whc.unesco.org/en/list/99/maps/






***

Во рамки на прекуграничниот дијалог за заштита и одржливо управување со Охридското и Преспанското Езеро, ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид ќе биде домаќин на третиот состанок на Заедничкиот комитет за рибарство, со учество на делегации од Република Северна Македонија и Република Албанија. На овој состанок ќе се дискутира за усогласување и хармонизација на управувањето со рибарството, како и за спроведување мерки за заштита и одржливо користење на рибниот фонд во заедничките езерски екосистеми (препорака 3. ј од РММ од 2020 и 2024 година). Оваа планирана активност ја потврдува континуираната соработка и координација на институционално и на оперативно ниво меѓу двете држави, со цел обезбедување ефективно и одржливо управување со природното наследство.

5. Изразува жалење бидејќи нема прикажан напредок во изготвувањето на Стратешката процена на животната средина (СОВЖС) за утврдување на кумулативните влијанија врз исклучителната универзална вредност на доброто и го повторува своето барање до државите членки итно да изработат СОВЖС со која севкупно ќе се оценат кумулативните влијанија од сите инфраструктурни и развојни планови, како и други големи проекти врз ИУВ на доброто и да ја достават до Центарот за светско наследство за разгледување од страна на советодавните тела.

Министерството за транспорт донесе Одлука за спроведување на стратегиска оцена за планскиот документ Патен коридор за Коридор 8, делница на автопатот Требеништа – Струга – Франгово, којашто се наоѓа во заштитеното подрачје на УНЕСКО. Целта на Одлуката е да се спроведе постапка што ќе ги утврди сите можни влијанија врз заштитеното добро, кои би ги дале насоките за понатамошно одлучување, односно изнаоѓање алтернативна траса за оваа патна делница. Горенаведената Одлука е приложена во анекс 1.

6. Го повторува своето барање до државата членка Албанија да го унапреди статусот на Стратешкиот план за рехабилитација (СПР), преку јасно дефинирано и зајакнато управување, и итно да спроведе мерки за справување со постојните закани врз исклучителната универзална вредност и за подобрување на севкупната состојба на заштита на доброто.

7. Посочува со загриженост за изградбата на петкатен комплекс во Тушемиште и за задржувањето градежни зони во близина на Изворите на Дрилон кај Тушемиште и на полуостровот Лин без соодветна процена на влијанието, а, исто така, го повторува своето барање до државата членка Албанија:

   а) да ги ревидира и да ги намали градежните работи во Тушемиште во согласност со барањата за заштита на ИУВ,

   б) да го измени Генералниот урбанистички план на Поградец со цел исклучување на можноста за урбанизација во еколошки чувствителни подрачја, вклучително и оние помеѓу Тушемиште и Изворите на Дрилон, како и на полуостровот Лин,

   в) строго да ги спроведува регулаторните мерки за заштита на ИУВ на доброто.

8. Исто така, бара од државата членка Албанија да ги запре понатамошните градежни активности на проектот „Воден парк Дрилон – Тушемиште и на обиколницата на Поградец додека не биде завршена ревидираната процена на влијанијата, во согласност со „Упатствата и алатките за проценка на влијанијата во контекст на Светското наследство", вклучувајќи ги и кумулативните влијанија, и да биде доставена за преглед во согласност со препораките на мисијата од 2024 година.

9. Повторно го упатува своето барање до државата членка Северна Македонија:

   а) да бидат отстранети измените на Деталниот урбанистички план и одобрувањето на локалните развојни планови надвор од населените места сè додека не се спроведе процена на влијанието врз наследството на стратегиско ниво и не се демонстрира дека нема негативно влијание од страна на овие планови врз атрибутите што се основа на исклучителната универзална вредност на доброто,

   б) генералните урбанистички планови за Охрид и за Струга и просторните плански инструменти за неизградените области да бидат елаборирани како итна работа и целосно во однос на атрбутите на исклучителната универзална вредност на доброто,

   в) да се спроведе систематска процена, врз основа на јасни критериуми за негативните влијанија од бесправно изградените објекти, со донесување одлуки за отстранување или ублажување на негативните ефекти, вклучувајќи и отстранување на бесправните градби или нивни делови,

   г) студијата за изводливост (физибилити студијата) за планирање на крајбрежниот појас на Охридското Езеро, кој е дел од мешовитото прекугранично светско наследство „Природно и културно наследство на Охридскиот Регион", да ја поднесе до Центарот за светско наследство за ревизија од страна на советодавните тела.

Во декември 2025 година, Владата на Република Северна Македонија донесе серија одлуки и задолженија за интензивирано, централизирано и кооридниранo спроведување на Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион (2023 – 2030). Како дел од тој процес, Владата го задолжи Министерството за транспорт до Владата да ја достави Физибилити студијата

за Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридското Езеро, со цел формализирање на документот.

Министерството за транспорт ја достави до Владата на Република Северна Македонија Физибилити студијата за Урбанистичкиот план за градби и подрачја од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридското Езеро за понатамошно проследување до Центарот за светско наследство. Почната е и постапка за изработување на Урбанистичкиот план за градби и подрачја од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридското Езеро. За продолжување на постапката, корисно е да се земат предвид аспектите, насоките и препораките на горенаведената физибилити студија, откако таа ќе биде ревидирана од Центарот за светско наследство. Освен тоа, Министерството за транспорт спроведе постапка за јавна набавка за услуга за присилно административно извршување на управни акти и уривање на објекти и го доставува Договорот за конкретната набавка (анекс 2). Во периодот што следува се очекува да се реализираат неколку правосилни управни акти за отстранување на бесправни градби на територијата на Општина Охрид.

***

При измената и донесувањето на новите урбанистички планови, Општина Охрид целосно ги почитува Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 – 2029), Законот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, Законот за просторно и урбанистичко планирање и другата законска и подзаконска регулатива. Општина Охрид започна со постапки за усогласување на поголем дел од ГУП Охрид, во согласност со Законот за урабанистичко планирање и Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 – 2029), аплицирани во системот е-урбанизам, постапки ГУП 2020.

| Број на постапка | Наслов | Тип на барање |
|---|---|---|
| 70587 | Изменување и дополнување на ГУП УБ10 УБ 10.1 и ДУП УБ 10 УБ 10.01 опфат 1 | ГУП (2020) |
| 68759 | Изменување и дополнување на ГУП УЗ 9 УБ 9.3 и ДУП УЗ 9 УБ 9.3 во обединета постапка | ГУП (2020) |

| | | |
|---|---|---|
| 68279 | Измена и дополнување на ГУП за УЗ 2 УБ 2.2 и ДУП УЗ 2 УБ 2.2 опфат 4– обединета постапка | ГУП (2020) |
| 64296 | Измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и ДУП за УЗ 4 УБ 4.4 опфат 1 во обединета постапка | ГУП (2020) |
| 62530 | Измена и дополнување на ГУП УЗ 15 УБ 15.5 и ДУП УЗ 15 УБ 15.5 опфат 2 во обединета постапка | ГУП (2020) |
| 62136 | Измена и дополнување на ГУП за УЗ 12 УБ 12.3 и ДУП за УЗ 12 УБ 12.3 опфат 4, Општина Охрид во обединета постапка | ГУП (2020) |
| 61701 | Изменувањеи дополнување на ГУП за УЗ 15 УБ 15.1 и ДУП за УЗ 15 УБ 15.1 Општина Охрид | ГУП (2020) |

Во однос на бесправно изградените објекти, Општина Охрид ги применува Законот за постапување со бесправно изградени објекти и Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 – 2029).

***

Општина Дебрца има изработено инвентар на нелегални градби кој е доставен до Министерството за транспорт на Република Северна Македонија. Општината започна и со урбанизација на сите населени места кои влегуваат во границите на УНЕСКО, чии планови се одобрени од Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион.

***

Управата за заштита на културното наследство, во постапките за легализација на бесправно изградените објекти во Охридскиот Регион кои се регулирани со Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и 174/21), издава согласност и/или издава согласност и/или известување за недавање согласност, врз основа на стручно мислење на НУ Завод и музеј – Охрид.

Основен критериум при издавањето на овие документи е дали објектот ги нарушува интегритетот и автентичноста на заштитеното подрачје, во согласност со

одредбите од Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење („Службен весник на РМ“ бр. 47/11 и 154/15) и Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион. Конечната одлука за легализација ја носи Министерството за транспорт, кое е обврзано да ја почитува согласноста или известувањето издадено од Управата за заштита на културното наследство.

Во периодот декември 2024 – ноември 2025 година, Управата постапила во врска со вкупно 12 барања за легализација на бесправно изградени објекти во Општина Охрид, едно барање во Општина Струга и две барања во Општина Дебрца.

***

Елаборатот за ревалоризација на Природното и културното наследство на Охридскиот Регион е во завршна фаза. По извршениот дополнителен увид на самото место, како и извршеното рекогносцирање на повеќе археолошки локалитети, утврдени се точни координати на сите заштитени и евидентирани археолошки локалитети, објекти од сакрална архитектура, мемориски споменици и слично и тие се обележани на една профана карта со различни ознаки (ГИС-платформа). Точно се утврдени границите на поединечните зони, извршен е нивен детален опис и е разработен посебен режим за заштита за секоја зона одделно, во кој точно се наведува што е дозволено, а што не.

НУ Завод и музеј – Охрид е секогаш достапна за споделување податоци и нејзини стручни лица секогаш се во директен контакт при изработка на извештаи за процена на влијанието врз наследството при носење измени на детални урбанистички планови и други поголеми инфраструктурни планови, бесправни градби, како и при изработката на Планот за крајбрежје врз основа на веќе направената физибилити студија.

10. Понатаму бара од државата членка Северна Македонија да достави до Центарот за светско наследство, за разгледување од советодавните тела, претфизибилити студија за алтернативната траса на железничкиот Коридор VIII, детални студии и процена за опциите за трасата на Коридорот VIII, како и придружни процени на влијанија за поединечните проекти, пред донесување на какви било неповратни одлуки, и притоа да се суспендираат сите активности во рамките на проектните области сè додека овие процени не се завршат и разгледаат.

Постапувајќи по препораките на реактивните мониторинг-мисии кои се однесуваат на железничкиот Коридор VIII, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура – Железници на Република Северна Македонија (ЖРСМ), во рамките на доделениот грант за техничка помош (WB30-MKD-TRA-01) со наслов „Rail Cross Border Section, between Struga and the Albanian network – Technical Assistance for Preparation of Pre-Feasibility Study", обезбеден преку Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF) и поддржан од Европската инвестициска банка (ЕИБ) како водечка меѓународна финансиска институција, а кој се однесува на делницата од Струга во Република Северна Македонија до точката на железничко поврзување со Република Албанија, во периодот од декември 2024 до декември 2025 година реализираше повеќе активности.

Проектната задача (Terms of Reference), подготвена од IFFICO – консултант ангажиран од Европската комисија, беше повеќепати усогласувана со цел да се интегрираат коментарите и сугестиите на управителите на железничката инфраструктура во Република Северна Македонија и во Република Албанија, Европската инвестициска банка и другите релевантни засегнати институции. Напредната верзија на проектната задача беше доставена на разгледување до ИКОМОС и ИУЦН од страна на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура – Железници на Република Северна Македонија – Скопје преку Министерството за култура и туризам (допис бр. 20-1076/1 од 12.03.2025 година), при што беа доставени коментари и сугестии од страна на ИКОМОС и ИУЦН во април 2025 година (допис бр. CLT/WHC/ENA/25/15226 од 14.04.2025 година) за понатамошното постапување. Заради вклучување нови засегнати страни (Сектор за животна средина и социјални аспекти на ЕИБ, Јасперс како советодавен консултант на ЕИБ, Делегација на ЕУ и други), одговор на сугестиите и коментарите на ИКОМОС и ИУЦН и адаптирање на проектната задача да одговори на најновите промени и барања што треба да ги исполни проектот за да биде подобен за финансирање преку грант-средства и заем, проектната задача претрпе повеќе измени и усогласувања во втората половина на 2025 година. Управителите на железничката инфраструктура (railway infrastructure managers) во Македонија и во Албанија разменија првични согледувања во врска со билатералниот договор за овој грант, наведен како предуслов за да се изврши ефектуирање на грантот. Во однос на планираните активности за 2026 година, по завршувањето и одобрувањето на проектната задача најпрвин од засегнатите страни –управителите на железничката инфраструктура во Македонија и во Албанија и ЕИБ, па потоа и од страна на ИКОМОС и ИУЦН (предвидено до крајот на првиот квартал во 2026 година), како и потпишувањето на билатералниот договор за овој грант меѓу управителите на

железничката инфраструктура во Македонија и во Албанија, се очекува консултантот за изработка на проектната документација на ниво на претфизибилити студија со придружна документација, што вклучува и изработка на Стратегиска оцена за животната средина (СОЖС) и/или Оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС), да се мобилизира на почетокот на вториот квартал од 2026 година. Овој консултант од ИПФ (IPF – Infrastructure Project Facility), по препорака на ЕИБ, ќе биде доделен преку веќе склучен рамковен договор за консултантски услуги на Европската комисија, односно нема да има тендерска постапка за избор на консултант. Задачата на консултантот е предвидено да трае 15 месеци од неговата мобилизација, период во кој треба да ја изработи целокупната проектна документација на ниво на претфизибилити студија со придружна документација.

***

Врз основа на Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 – 2029) со Акциски план („Сл. весник на РСМ“ бр. 45/20), под надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта се реализирани и се спроведуваат следниве активности:

**Делница А3, Охрид – ГП „Свети Наум“**

Рехабилитацијата на магистралниот пат Охрид – Свети Наум, во должина од 24,3 km, се реализираше во периодот од август 2023 до јуни 2025 година.

**Делница А2, Требеништа – Струга – ГП „Ќафасан“**

Во процесот на планирање и реализација на автопатот А2, во согласност со препораките од Акцискиот план и во синергија со железничката пруга Кичево – Лин, активно е вклучена проектната единица за Коридор 8 и Коридор 10 д. Претставници на проектната единица учествуваа и во Реактивната мониторинг-мисија (25 – 29 март 2024 година) спроведена за Република Северна Македонија и Република Албанија.

**Делница А2, Кичево – Охрид**

Во рамките на дополнителните проектирања и градежни активности поврзани со автопатот, ЈПДП редовно ја известува и бара мислење од Комисијата за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион, со што се обезбедува континуирано спроведување на препораката за вклучување на Комисијата за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион во сите фази на планирање. Во тој контекст, Комисијата даде позитивно мислење бр. 68-6025/2 од 03.06.2022 година за проектот за клучката „Требеништа“, а Министерството за

транспорт издаде потврда за заверка за одобрување бр. 67-541/5 од 17.02.2025 година за измена и дополна на проектот за Коридор 8, делница Песочани – Требеништа (km 0+000 – km 12+698,72), со изградба на денивелиран патен јазол „Требеништа“ и врска кон државниот пат А3.

Проектната единица, одговорна за дел од трасата на Коридор 8 – делница на автопатот Требеништа – Струга – Франгово – Ќафасан, која целосно навлегува во заштитената зона на Охридскиот Регион, работи во согласност со склучениот Договор за изградба на Коридор 8 и Коридор 10 д, при што делницата е од особено значење поради својата положба во рамките на заштитеното подрачје на природното и културното наследство на Охридскиот Регион. Во согласност со препораките од УНЕСКО, проектната единица спроведе комплексен процес кој вклучуваше тендерска постапка за избор на планер и проектант. Планерот изготви проширен плански опфат за опфаќање на сите просторни варијанти и релевантни фактори и проширен проектен опфат, вклучувајќи поширока околина на трасата и обезбедување податоци од сите надлежни институции. Проектантот изработи варијантни проекти за трасата со цел изнаоѓање алтернативи на договорното решение предвидено со изведувачот „Бехтел и Енка“ (Bechtel and Enka). Беше отворена и постапка за избор на изработувачи на студии за ЕИА, ХИА и СЕА, со цел обезбедување целосна теренска и аналитичка обработка. За подготовка на овие анализи беа ангажирани високостручни експерти, вклучувајќи универзитетски професори и специјалисти за биодиверзитет и археологија, а беа реализирани и координациски состаноци со НУ Завод и музеј – Охрид за изнаоѓање решенија за неинвазивно снимање и рекогносцирање на терен. Во однос на автопатскиот крак од Требеништа до преминот „Ќафасан“ кон албанска граница, археолозите од НУ Завод и музеј – Охрид тесно соработуваат со изработувачите на проектот, особено за рекогносцирање на археолошки локалитети и други историски и културни добра по должината на трасата (препорака 6 од РММ 2020 и 2024).

Министерството за транспорт донесе Одлука за спроведување на стратегиска оцена за планскиот документ Патен коридор за Коридор 8, делница на автопатот Требеништа – Струга – Франгово, којашто се наоѓа во заштитеното подрачје на УНЕСКО. Целта на Одлуката е да се спроведе постапка што ќе ги утврди сите можни влијанија врз заштитеното добро, кои би ги дале насоките за понатамошно одлучување, односно изнаоѓање алтернативна траса за оваа патна делница. Горенаведената Одлука е приложена во анекс 1.

11. <u>Исто така, ја повикува</u> државата членка Северна Македонија да ја подобри заштитата на Студенчишко Блато и <u>го повторува барањето</u>:

а) итно да ги забранат градежните активности во близина на Блатото и комплексот „Горица 3“ сè до изготвувањето на стратешката еколошка оценка, како и процените за влијанијата за сите проекти,

б) да се ревидира предложениот нацрт-закон за прогласување на парк на природата за да се обезбеди усогласеност со заштитата на исклучителната универзална вредност (ИУВ) на доброто, во согласност со релевантните стандарди на Меѓународната унија за заштита на природата (IUCN) и наодите од мисијата.

Во декември 2025 година, Владата на Република Северна Македонија донесе серија одлуки и задолженија за интензивирано, централизирано и координирано спроведување на Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион (2023 – 2030). Како дел од тој процес, Владата го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за прогласување на Студенчишко Блато за заштитено подрачје – парк на природата и Предлог на закон за прогласување на Охридското Езеро за заштитено подрачје – споменик на природата.

Министерството за животна средина и просторно планирање изготви Предлог-закон за прогласување на Студенчишко Блато за парк на природата, односно е при крај со активностите поврзани со постапката за негово донесување. Следствено, сите препораки од Реактивната мониторинг-мисијата што се однесуваат на Студенчишко Блато ќе бидат реализирани во најкраток можен рок.

***

Студенчишко Блато, Урбан блок 17.1 во ГУП на град Охрид, со површина 70,51 ха е законски заштитено со самиот ГУП. Со Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 – 2029), Општина Охрид не врши никакви интервенции, вклучително и урбанизација на овој простор.

Комплексот „Горица 3“ е урбанистички планиран со Урбанистички план вон населено место за дел од туристичкиот комплекс локалитет Горица, Општина Охрид, донесен со Одлука на Совет 07-795/8 од 26.04.2007 г. и одобрен со Одобрение за градба во 2012 г., што значи осум години пред да се донесе Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 – 2029) во февруари 2020 год.

***

Во согласност со препораките на УНЕСКО за зајакнување на заштитата на Охридското Езеро и зачувување на исклучителната универзална вредност на доброто, во периодот декември 2024 – декември 2025 година беа спроведени конкретни активности од страна на ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид, во согласност со националните закони, регулативи и договори. Во рамките на мерките за зачувување на биодиверзитетот на Охридското Езеро, беше реализиран вештачки мрест на охридската пастрмка (Salmo letnica typicus) на локалитетите Охрид, Пештани и Трпејца. Вештачкиот мрест на охридската пастрмка претставува една од клучните мерки за одржување и заштита на нејзината популација, а се спроведува од страна на ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид, почнувајќи од 1935 година. За зачувување на екосистемската рамнотежа, пастрмките како предатори се исклучително важни како во ихтиофауната така и поврзано со секоја алка во синџирот на исхрана.

Со вештачкиот мрест и одгледувањето подмладок за порибување на риболовното подрачје, Охридско Езеро, во согласност со Договорот за порибување бр. 33-8833/2 од 11.09.2024 година, Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2024 година („Сл. весник на РСМ“ бр. 13/24) и Согласноста за риболов во научноистражувачки цели бр. 33-633/2 од 14.01.2025 година издадена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, се овозможува одржливост на овој ендемски вид.

Паралелно, се спроведува континуиран мониторинг и заштита на летната форма на охридската пастрмка (Salmo aestivalis) во рамките на проектот „Лимнолошки истражувања на Охридското Езеро“, финансиран од Министерството за образование и наука, со цел навремено идентификување на промени во рибниот фонд и одржливо управување со екосистемот. За утврдување на моменталната состојба на рибниот фонд од летната форма на охридската пастрмка *Salmo aestivalis* (*aphelios*) во нејзината репродуктивна фаза, експериментален риболов во научноистражувачки цели беше и ќе биде спроведен за обезбедување репродуктивен материјал од природниот рибен фонд и можен вештачки мрест.

Дополнително, беше спроведена и кампања за отстранување напуштени и рибарски „мрежи духови“, која се одвива во континуитет од 2023 година. „Мрежите духови“ претставуваат сериозна еколошка закана, продолжуваат да заробуваат риби, птици, ракови и други водни организми и по нивното напуштање. Нивното присуство го нарушува процесот на природен мрест, со ослободување органска материја при распаѓање на организмите, која ги менува локалните еколошки услови и ги одвраќа пастрмките од користење на овие клучни репродуктивни живеалишта.

Оваа година се одвиваше во период од 8 дена во октомври 2025 година, дел во согласност со договорот со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и мерките за рехабилитација на риболовните води финансирана од Програмата за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата, како посебна мерка: Рехабилитација на риболовните води, и дел со поддршка од меѓународните организации „Healthy Seas“ и „Ghost Diving“. Во текот на кампањата беа отстранети 172 мрежи и други рибарски алати од клучни локалитети, со што се намали влијанието врз природните екосистеми и се поддржа природниот процес на мрест. Пред почетокот на кампањата за отстранување, беше спроведена сеопфатна детекција, регистрација и мапирање на новоакумулираните фантомски мрежи на клучните мрестилишта, меѓу кои: Заум, Трпејца – Вели Даб, Залив на коски – Автокамп „Градиште“ и Канео – Воска.

Во делот на законската рамка, беше изготвен Национален план за управување со јагулата (Anguilla anguilla) во согласност со член 79 од Законот за рибарство и аквакултура („Сл. весник на РСМ“ бр. 64/24). Планот определува Единица за управување со јагулата (ЕУЈ) за сливот на реката Црн Дрим и е усогласен со Нацрт-заедничкиот европски план за управување со јагулата за сливот на реките Дрин/Дрим (Албанија, Црна Гора и Северна Македонија, 2020) и со Регулативата на Советот (ЕС) 1100/2007, позната и како Регулатива за јагула. Националниот план за управување со јагулата предвидува насочени мерки за заштита, одржливо управување и обновување на фондот на европска јагула во националните води.

***

Во рамките на надлежностите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во наведениот период се реализирани активности за давање дозвола за користење на рибите и на другите водни организми од риболовното подрачје на Охридското Езеро за комерцијален риболов, како и за организирање рекреативен риболов, врз основа на спроведени постапки во согласност со Законот за рибарство и аквакултура („Сл. весник на РСМ“ бр. 64/24 и 160/25).

12. Го поздравува позитивниот напредок во зачувувањето на Националниот парк „Галичица“, вклучително и намаленото користење ресурси и зајакнатата соработка со засегнатите страни, и ја повикува државата членка Северна Македонија:

    а) да ја заврши ревизијата на политиките за зонирање со цел да се постигне целта, односно да се овозможи природните процеси да се одвиваат на 75 % од територијата на Паркот

Констатираните позитивни ефекти за природното наследство добиени преку намалување на користењето на природните ресурси и подобрената соработка со заинтересираните и засегнатите страни се резултат на ефективното управување со Националниот парк „Галичица“ (НПГ) и напорите на установата за исполнување на меѓународните стандарди за заштита на природата во заштитено подрачје категорија II национален парк. Уште еднаш се потсетува на одлуката на Планот за управување со НПГ (2021 – 2030) за целосен престанок на користење на шумите за финансирање на управувањето со Паркот.

ЈУНПГ, во согласност со одредбите од Законот за заштита на природата, почна постапка за оцена на резултатите постигнати со примената на Планот за управување (2021 – 2030) по истекот на петтата година од неговото спроведување. Од направената анализа на состојбата на клучните вредности и податоците од спроведувањето на Програмата за долгорочен мониторинг на биолошката разновидност, стручните лица на установата, во консултација со членови на Научниот совет на ЈУНПГ, предложија измена на зонирањето. Со предложените измени за делови од зоната за одржливо користење која досега покриваше 61 % од територијата на Паркот, ќе биде определен режим на активно управување, со кој ќе се создадат услови за спроведување на конзерваторски активности. Со оваа предложена промена, 75 % од површината на НПГ ќе биде во „природна зона“ (зона за строга заштита и зона за активно управување). Во текот на првите месеци од 2026 година, со предложениот ревидиран План за управување ќе се спроведат консултации со јавноста и Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина (СОЖС). Се очекува предложениот ревидиран План за управување и СОЖС, во кои ќе бидат вградени коментарите од консултациите со јавноста, да бидат испратени до Министерството за животна средина и просторно планирање за добивање согласност во вториот квартал од 2026 година.

б) да го заврши и да го спроведе Планот за управување со посети

ЈУ НП „Галичица“ изработи **План за управување со посети** на **Националниот парк „Галичица“**, со примена за периодот 2026 – 2030 година. Планот ги опфаќа следниве точки:

| |
|---|
| 1. ВОВЕД |
| 2. ПРАВНА РАМКА |
| 3. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА |
| 4. ЦЕЛИ И ПРИНЦИПИ |
| 5. УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕТИ |
| 6. АКЦИОНО ПЛАНИРАЊЕ |

| |
|---|
| 7. РАЗВОЈ И ВМРЕЖУВАЊЕ НА ЕКОТУРИСТИЧКА ОДРЖЛИВА ПОНУДА |
| 8. МАРКЕТИНГ |
| 9. МОНИТОРИНГ И ЕВАУЛАЦИЈА |

Основата на Планот за управување со посети на Националниот парк „Галичица“ е активностите за посета строго да се вршат во зоната за одржливо користење, што ќе придонесе за зголемена заштита на самиот простор. За изработка на Планот за управување со посети беше консултирана локалната деловна заедница, која со свои предлози и насоки потпомогна за неговото дефинирање. Барањето на локалната деловна заедница се изедначува со напорите на ЈУ НП „Галичица“ за зачувување на просторот од Паркот, како и за развој на одржливите посети на Паркот со потребната инфраструктура во линија со современите трендови за посета на природните ареали која би се реализирала исклучиво во зоната за одржливо користење. Потребите на деловната заедница во корелација со потребите и обврските на ЈУ НП „Галичица“ како државна институција преку вршење на дејноста за заштита на природата во Паркот се исклучиво темелени на еколошката кохабитација со интерес за најмал еколошки отпечаток од заинтересираните страни за посета на Паркот.

в) да ги зголеми надлежноста на чуварите на паркот (ренџерите) и капацитетот за спроведување на законските мерки

Зголемувањето на надлежностите на чуварите на паркот (ренџерите) и капацитетот на институцијата за спроведување на законите е поврзано со:

- Бројот на вработени чувари на паркот (ренџери). Во моментов НПГ има вработено 5 чувари на паркот (ренџери) кои покриваат територија од 24 150 хектари.

- Недоволни знаења и вештини на чуварите на паркот (ренџерите) за комуникација со посетители. Поради наметнатиот принцип на самофинансирање на управувањето со НПГ, преку сеча и продажба на дрва во долг временски период сите вработени во ЈУНПГ се стекнуваа со знаења и искуство за одржливо користење на природните ресурси. Поради промената на фокусот од одржливо користење на природните ресурси кон заштита на природните вредности на Паркот и обезбедување услови за посета и рекреација, вработените во ЈУНПГ, особено чуварската (ренџерската) служба која е во честа комуникација со посетителите, ги немаат потребните знаења и искуство за поддршка на посетители. ЈУНПГ во Годишната програма за заштита на природата за 2026 година има предвидено организирање и спроведување обука за комуникација со посетители.

- Непрецизна законска рамка и преклопување на Законот за заштита на природата со посебните закони (за шуми, води, пасишта...), како и нејасни и непрецизни надлежности за постапување. Во системот за заштита на природата, ЈУНПГ е на нивото на спроведување на одлуки. На погорните нивоа, односно креирање политики и донесување одлуки, установата нема влијание. ЈУНПГ во континуитет, веќе подолго време, му укажува на Министерството за животна средина и просторно планирање дека поради преклопувањето на Законот за заштита на природата со посебните закони, немаат можност да обезбедат интегрално управување со клучните вредности и природното наследство на НПГ. Сепак, за подобрување на спроведувањето на законската регулатива, ЈУНПГ во 2026 година ќе се обрати со барање до Министерството за животна средина и просторно планирање, инспектори за заштита на природата да организираат и да спроведат обука за вработените во ЈУНПГ за постапување во согласност со Законот за заштита на природата и Законот за животна средина. Дополнително, за спроведување на законите, потребно е зајакнување на капацитетот на Одделението за правни, општи и економски работи, што ЈУНПГ не може да го направи поради нерешеното финансирање на управувањето со НПГ.

г) да спроведе строги регулативи и контрола за спречување незаконска употреба на теренски возила и постепено да ги укинува таквите активности во рамките на Паркот

ЈУ НП „Галичица" изработи **Правилник за движење со теренски возила низ Паркот** со кој се регулира актуелното движење на теренските возила низ Паркот, при што фокусот на изработката беше: да се уредат условите, начинот и ограничувањата за движење со теренски возила во Националниот парк „Галичица", со цел заштита на природните вредности, биолошката разновидност и мирот на дивиот свет.

Воедно, во Планот се спомената можностите за користење на теренските возила низ Паркот, нивните ограничувања и обврски. Актуелниот Правилник за движење со теренски возила низ Паркот е со ограничено време на употреба според Планот за управување со посети на Паркот каде што во иднина се планира низ Паркот да се движат исклучиво возила на електричен погон со ограничени дестинации од сегашните.

Меѓу другото, истакната е улогата на управувачот на просторот, а и улогата на чуварската служба во Паркот за нивната надлежност во спроведување на Планот.

13. Констатира дека пренасочувањето на реката Сатеска е речиси завршено и дополнително ја повикува државата членка Северна Македонија да обезбеди

целосна усогласеност со социјалните и еколошките стандарди на УНДП, како што е препорачано со мисијата од 2024 година.

За заштита од нанос на Охридското Езеро, реката Сатеска треба целосно да се насочи кон старото корито, а нова брана да се изгради кон Охридското Езеро, секако, во услови на поплави, би можело дел од водите од Сатеска, преку таблести затворачи, да се пропушта кон езерото. За целосна заштита на Сатеска од нанос, би требало низводно да се направат каскади за да го забават брзото течење на реката. Особено вакви каскади треба да има на места каде што се истурени големи количества земјен материјал пренесени во коритото на реката од ископите во текот на изградбата на патот Кичево – Охрид. Дополнително, низводно на сите места каде што има забрзана ерозија, ќе треба да се дејствува со биолошки и конструктивни мерки, за да се спречи големо количество земја и нанос да истекува по реката (препорака 7.е РММ 2020 и 2024).

Во однос на спроведувањето на плановите за пренасочување на реката Сатеска, Министерството за животна средина и просторно планирање ја заврши следнава документација: дополнителна Студија за биодиверзитет и План за мониторинг на река Сатеска од страна на независна консултантска компанија, ангажирана од УНДП. Освен тоа, подготвена е и стандардна оперативна процедура за обврските на секоја од засегнатите страни што треба да бидат вклучени во одржувањето на разделната градба во село Волино. Подготвен е и посебен документ – План за управување со целокупната структура за регулацијата на делницата на река Сатеска, таложникот и рехабилитацијата на разделната градба – во кој се посебно наведени обврските на Општина Дебрца.

Набавена е и автоматската опрема за разделната градба во село Волино и ќе биде инсталирана најдоцна до крајот на февруари 2026 год., а е завршен и таложникот во село Волино и ќе биде ставен во функција. Во тек е набавка на опрема за надзор која ќе биде инсталирана во село Волино за заштита на опремата што ќе биде инсталирана.

***

Општина Дебрца, Општина Охрид и Општина Струга, со финансиска поддршка од УНДП, ја завршија реализацијата на проектот со кој реката Сатеска се враќа во старото корито. Во соработка со: Министерството за животна средина, Водостопанство, ЕСМ (поранешно ЕЛЕМ), дополнително ќе се утврдат надлежностите околу управувањето.

Со поставување на преградата кај Струга, истекот на водите од езерото е контролирано од Електростопанство на Македонија, денешно ЕСМ (препорака 5. f РММ 2020 и 2024).

Со цел исполнување на горните препораки, АД ЕСМ, Подружница ХЕС „Црн Дрим", ги има преземено следниве активности:

При насочувањето на реката Сатеска кон реката Црн Дрим, АД ЕСМ е запознаена со активностите што се преземаат во рамките на проектот „Обнова на сливот на река Сатеска и пренасочување во нејзиното природно речно корито", кој се спроведува од страна на канцеларијата на УНДП во Скопје и Министерството за животна средина и просторно планирање. Во рамките на овие активности, од страна на АД ЕСМ, Подружница ХЕС „Црн Дрим", преку Секторот за развој при АД ЕСМ, номинирани се стручни лица за подготовка на стандардната оперативна постапка за спроведување на активностите.

УНДП информира дека во рамките на овој проект е завршен проектот за пренасочување на реката Сатеска кон реката Црн Дрим, при што се реализирани следниве активности: санација на разделната градба, чистење на речното корито на реката Сатеска и изградба на таложници. Притоа беа дискутирани модалитетите, режимите и управувањето со реката Сатеска во наредниот период.

АД ЕСМ Скопје, Подружница ХЕС „Црн Дрим" Струга, заради балансирање на производството на електрична енергија, продолжува да ги мери нивото на Охридското Езеро и испуштањето на вода од Охридското Езеро во реката Црн Дрим, што претставува востановена практика со секојдневни мерења. Регулацијата на испуштањето на водата ја врши АД ЕСМ, Подружница ХЕС „Црн Дрим", во согласност со условите дадени во водостопанската дозвола за користење на водата за производство на електрична енергија издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање на 25.09.2017 година (Бр. УП1-1/-21/16) и продолжена со дозвола од 12.07.2023 година (Бр. УП1-11/5-913/2023).

Во согласност со оваа водостопанска дозвола, котите на Охридското Езеро треба да се движат во границите од 693,10 до 693,75 мнм, а во исклучителни случаи (при појава на 100-годишни води) до 694,00 м.н.м. Регулацијата на испуштањето на водите од Охридското Езеро се врши со следење на природните осцилации на езерото и со зголемување или намалување на отворот на привремениот дрвен објект за регулација со поставување или со вадење талпи. Во текот на 2025 година нивото на Охридското Езеро се движело во дозволените граници, од 693,15 до 693,55 м.н.м.

За транспарентно следење на нивото на Охридското Езеро, АД ЕСМ има поставено два дисплеи (во Управната зграда на ХЕС „Црн Дрим" во Струга и во

Министерството за одбрана во Струга) на кои во реално време се прикажуваат податоци за нивото на езерото, температурата на воздухот и температурата на водата. Дополнително, на веб-страницата на АД ЕСМ секојдневно се ажурира котата на Охридското Езеро.

Со оглед на примитивната конструкција на постојниот дрвен објект за регулација, кој е изработен за друга цел, во друго време и со застарена технологија, тој не може да ги задоволи барањата и стандардите на домашната и на меѓународната заедница. Со модернизација на објектот за регулација и воведување далечинско управување би се овозможило зголемување на квалитетот во справување со заканите идентификувани во Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион (2023 – 2030) и Студијата за валоризација за Охридското Езеро.

Во таа насока, во своите планови и активности за 2026 година, АД ЕСМ, Подружница ХЕС „Црн Дрим" има планирано започнување на активности за проектирање современ објект за регулација на истекот на реката Црн Дрим од Охридското Езеро, кој ќе биде во согласност со барањата на сите засегнати страни.

За да се добие некаква претстава за тоа што се случува со Охридското Езеро од 1951 досега, доволно е да се погледне графиконот на карактеристичните годишни нивоа на езерото за водомерната станица Охрид (минимални, средни и максимални нивоа):




Слика 1. Карактеристични годишни нивоа на Охридското Езеро – период 1951 – 2023 г.

На езерото има договорени работни коти, и тоа: кота 693,75 m, максимална дозволена договорена кота, и 693,10 m, минимална дозволена договорена кота.

Од графиконот за Охридското Езеро се забележува мал тренд на намалување на водостојот, за разлика од Преспанското Езеро каде што се бележи огромен тренд на намалување.

По извршена анализа на хидролошките параметри може да се каже дека апсолутно забележаниот максимален водостој кај Охридското Езеро бил регистриран на 22 февруари 1963 година со кота од H=694,59 m, додека апсолутно забележаниот минимален водостој е со кота од H=693,00 m, регистриран на 29 септември 1990 година. При вакви околности, апсолутната амплитуда изнесува 159 cm.

Подолу во графиконите се претставени нивоата на Охридското Езеро за 2024 и за 2025 година.




Слика 2. Нивоа на Охридско Езеро за периодот од 1 јануари 2023 до 1 јануари 2024 г.




Слика 3. Нивоа на Охридско Езеро за периодот од 1 јануари 2024 до 1 септември 2025 г.

Од графиконите за нивото на Охридското Езеро за 2024 и за 2025 година може да се забележи дека нивото на езерото има период на висок водостој и период на низок водостој. Високиот водостој е генерално во периодот од мај до јули, а малиот водостој е од јануари до февруари и од септември до ноември. Оваа година, минималните води се детектирани во месеците септември, октомври и ноември, а соодветно состојбата на езерото овој минимум ќе го зафати и во декември. Битно е да се спомене дека минимумите ја надминаа минималната дозволена кота на езерото од 693,10 м.н.м.

Од анализираните метеоролошки параметри (1951 – 2010), се забележува тренд на покачување на температурите на воздухот, намалување на релативната влажност, зголемување на испарувањето, зголемување на облачноста и намалување на осончувањето, а врнежите немаат поголем тренд. Климатските варијации имаат голема улога во намалувањата на водостојот, како директно така и индиректно. Високите температури го зголемуваат испарувањето на водата од езерото и на тој начин езерото губи големи количества вода.




Слика 4. Повеќегодишни месечни суми и месечни суми на врнежи за 2024 и 2025 г.




Слика 5. Повеќегодишни месечни просечни температури за 2024 и 2025 г.




Слика 6. Повеќегодишни месечни минимални температури за 2024 и 2025 г.




Слика 7. Повеќегодишни месечни максимални температури за 2024 и 2025 г.

Ваквата состојба со врнежите влијае врз намалувањето на водостојот на притоките од сливот на Охридското Езеро, но и на самото Охридско Езеро.

14. Го цени тековниот напредок во надградбата на инфраструктурата за отпадни води и проширените напори за мониторинг од двете држави членки, но изразува загриженост поради бавното темпо на спроведување и дополнително бара итни, координирани активности за справување со жариштата на загадување, особено кај Грашница и Радожда во Северна Македонија.

Министерството за животна средина и просторно планирање го спроведува Проектот за изградба на колекторски систем од Радожда до Калишта, Општина Струга, чија вкупна вредност изнесува 28.741.812,00 денари, при што досега се реализирани активности во износ од 1.828.756,00 денари од целокупната сума. Предвидениот рок за

изведување на работите е 05.04.2026 година, со привремен прекин на работите од 01.08.2024 година, при што со допис од 11.09.2024 година МЖСПП се согласува со привремен прекин на работа до одобрување на сообраќајниот проект. Проектот за сообраќајно решение е одобрен на 24.12.2025 година, а со допис од 08.01.2026 година изведувачот на работите (Изгрев – Велес) побарал продолжување на рокот за 17 месеци, по што е испратен допис до надзорот (ЕОС – Скопје) за да се произнесе во врска со барањето на изведувачот.

***

УХМР континуирано спроведува хидролошки и метеоролошки мониторинг во сливот на Охридското Езеро преку мрежа на автоматски и класични станици. Податоците од овие станици се јавно достапни преку официјалната веб-страница на УХМР (https://uhmr.gov.mk).

Сепак, дел од станиците во изминатиот период се соочуваат со технички ограничувања поради застарена опрема, што ја наметнува потребата од дополнителни финансиски средства за модернизација, редовно одржување и калибрација. Посебен приоритет претставува воспоставувањето на директни мерења на протекот кај изворот на Црн Дрим кај „Св. Наум“ и кај истекот на езерските води кај Струга.

Околу езерото, на македонска страна има изградено колектор, кој ги зафаќа отпадните води и ги пренесува до пречистителната станица во близина на с. Ложани, од каде што по третманот истекуваат во р. Црн Дрим. Овој колектор има потреба од надградба, а, секако, и контрола на какви сè води влегуваат во овој систем. Никако не смее да се дозволи влегување на атмосферски води во него, затоа што во одредени ситуации при обилни врнежи, големи количества атмосферска вода се влева во системот, при што дел од оваа вода поради зголемен капацитет, непречистена се пушта во Црн Дрим, при што водите на Црн Дрим се загадуваат и го загрозуваат биодиверзитетот во реката.

Со поставување на преградата кај Струга, истекот на водите од езерото е контролирано од Електростопанство на Македонија, денешно ЕСМ. На езерото има договорени работни коти, и тоа: кота 693,75 m, максимална дозволена договорена кота, и 693,10 m, минимална дозволена договорена кота. УХМР, во рамките на своите можности, спроведува хидролошки и метеоролошки мониторинг на сливот на езерото и на самото езеро. Во рамките на проектите што во минатото ги изведуваше во соработка со ГИЗ и УНДП, има добиено помош во модерни инструменти за подобрување на мониторингот. Благодарејќи на ваквите проекти, УХМР моментално има автоматски онлајн станици на следниве станици од сливот на езерото:

Хидролошки: Охрид, Ложани, Ботун, Ресен, Стење, Брајчино, Св. Наум, Шпиље, Глобочица;

Метеоролошки: Охрид, Сливово, Ресен, Струга, Претор, Вевчани, Брајчино, Куратица. Податоците од овие станици се презентираат на веб-страницата на УХМР: www.uhmr.gov.mk.

Водите од изворот на Црн Дрим кај „Св. Наум“ се од голема важност за биланс како на Охридското, така и на Преспанското Езеро, па поради тоа се прави напор да се дефинира режимот на водите на оваа станица. Од неодамна на оваа станица функционира автоматска хидролошка станица за ниво на вода и податоците одат на веб-страницата на УХМР. Правени се анализи и трудови на тема на истекувањето на водите и е утврден проблем за дефинирање на реални протекувања со помош на крива на проток. Поради ова, би требало да се најдат средства за набавка на автоматски мерни инструменти кои директно би го мереле протекот на водите од изворот и истекот од езерото.

***

Во периодот од декември 2024 до декември 2025 година, ЈП „Колекторски систем“, во согласност со својата годишна програма, реализираше повеќе активности за унапредување на функционирањето на колекторскиот и на пречистителниот систем, вклучително и поставување автоматизирана опрема во клучни пумпни и пречистителни станици во пумпните станици „Метропол“ и „Подмоље“ и пречистителната станица „Враништа“. Паралелно со тоа, изготвени се три технички проекти насочени кон понатамошна модернизација на системот: за поставување положни пумпи, за санација на цевководот и за набавка и монтажа на затворачи, решетки и генератори за електрична енергија, од кои два се веќе одобрени од Министерството за животна средина и просторно планирање, а нивната реализација е условена со обезбедување финансиски средства.

Дополнително, континуирано се спроведуваат дневни анализи на пречистените отпадни води пред нивното испуштање во реката Црн Дрим, при што се почитуваат важечките законски нормативи. Истовремено, се врши редовно одржување, санација и ревитализација на пречистителната станица во Ложани и на другите препумпни станици, со цел обезбедување стабилно и безбедно функционирање на системот.

***

Со финансиска поддршка од УНДП, во согласност со проектот на УНДП за „Унапредување на општинското владеење“, Општина Дебрца изработи „Локален еколошки акционен план за заштита на животната средина“.

15. Ја зема предвид предложената нова депонија во Новаци и планираното затворање на локацијата Буково и дополнително ја повикува државата членка Северна Македонија да го информира Центарот за светско наследство пред донесување конечни одлуки за претоварни станици за отпад во Охридскиот Регион.

Воспоставувањето интегриран самоодржлив регионален систем за управување со отпад, за секој од планските региони, претставува еден од врвните приоритети на Министерството за животна средина и просторно планирање и на Владата на Република Северна Македонија. По завршувањето на активностите поврзани со воспоставувањето на интегрираниот систем на управување со отпад во регионот, сите отворени прашања во однос на дивите депонии (dump-sites) ќе бидат решени, односно дивите депонии во Буково, Мауцкер и во Струга ќе бидат затворени.

Во рамките на регионалното управување со отпад за Пелагонискиот и Југозападниот Регион, новата депонија за комунален отпад е предвидена на локацијата Новаци, додека во Охридскиот Регион е предвидено изградба на една претоварна станица во месноста Мауцхер.

16. Исто така, посочува со најголема загриженост дека Мисијата од 2024 година ги потврдува наодите на претходните мисии, заклучувајќи дека кумулативните и тековните влијанија – вклучувајќи го урбаниот развој, недостатоците во просторното планирање, несоодветни интервенции, еутрофикација на езерото, големи инфраструктурни проекти и други активности – предизвикале сериозно нарушување на клучните атрибути кои ја изразуваат исклучителната универзална вредност на подрачјето, што резултирало со неповратна деградација доколку не се преземат решителни мерки, и смета дека се исполнети условите за впишување на доброто на Листата на светско наследство во опасност, во согласност со ставовите 179 – 180 од Оперативните насоки.

Извршена е целосна ревизија на Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење. Ревидирани се границите од урбаните комплекси и се усогласени со границите на постојните урбани опфати со цел изработка на нови ДУП за сите 19 урбани комплекси што го сочинуваат старото градско јадро; прогласување мораториум за издавање ЗКУ (заштитно-конзерваторски услови) потребни за изградба, доградба, надградба итн. во рок од две години, сè со цел донесување на 19 нови ДУП за сите урбани комплекси од старото градско јадро, што претставува една од главните препораки од страна на мониторинг-мисијата на

УНЕСКО. На тој начин се создава институционален притисок за навремена изработка на горенаведената планска документација.




***

Општина Струга спроведува активности за урбанизација кои ги поднесува до Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион во врска со општите акти.

***

Како одговор на утврдените кумулативни и тековни влијанија врз еколошкиот статус и клучните атрибути што ја пренесуваат исклучителната универзална вредност (ИУВ) на Охридскиот Регион, во периодот 2025 – 2026 година се спроведува проектот „Лимнолошки истражувања на Охридското Езеро“. Проектот претставува интердисциплинарна научна иницијатива насочена кон севкупна процена на еколошкиот статус на Охридското Езеро, со цел идентификување на клучните структурни и функционални промени во екосистемот, предизвикани од зголемените антропогени и климатски притисоци. Проектот директно се надоврзува на повеќедецениското истражувачко искуство на Хидробиолошкиот завод – Охрид, проширувајќи го неговиот капацитет за долгорочен, стандардизиран и научно потврден мониторинг, во согласност со Европската рамковна директива за води (WFD) и меѓународните иницијативи за заштита на слатководните екосистеми (UNESCO, Ramsar, Sustainable Development Goals и сл.). Проектот има голема применлива вредност: неговите резултати директно се пренесуваат во препораки за управување со езерото, политики за заштита на биодиверзитетот и стратегија за превенција на деградација.

Како резултат на спроведените истражувања, проектот ќе овозможи: научно заснована процена на еколошкиот статус на езерото со фокус на просторно-временски трендови; идентификација на извори и последици од нутритивно оптоварување и загадување; препораки за рано предупредување и интервенции во критични точки; научна основа за приспособливо управување со биодиверзитетот и рибниот фонд; оцена на состојбата и на статусот на заштита на загрозената летна форма на охридската пастрмка (Salmo aestivalis), вклучително и експериментален вештачки мрест и процена на влијанието на инвазивни видови врз автохтоната фауна.

Проектот ја применува концепцијата на функционална екологија, преку употреба на релевантни индекси (Карлсонов трофичен индекс – TSI, сапробен индекс, ASPT, макрофитски трофичен индекс – MTI и биодиверзитетски индикатори), како и хистолошки и паразитолошки анализи кај автохтоната рибна фауна. Овој пристап овозможува детекција на рани индикатори на деградација, особено во контекст на еутрофикација и ризици за ендемските видови, што е од суштинско значење за навремено преземање корективни мерки.

Активностите се спроведуваат во континуитет со долгогодишната научна работа на ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид и се усогласени со Европската рамковна директива за води (2000/60/ЕЗ), како и со релевантните национални прописи од областа на заштитата на природата и водите. Резултатите од проектот обезбедуваат научна основа за процена на просторно-временските трендови на деградација, идентификација на изворите на нутритивно оптоварување и формулирање препораки за рано предупредување и интервенции, во функција на приспособливо управување со езерскиот екосистем и зачувување на атрибутите на ИУВ.

Во рамките на мерките насочени кон зачувување на биодиверзитетот, спроведени се и активности во врска со проектот „FLOAT-O: Пловечки острови за чисто Охридско Езеро", финансиран од Министерството за животна средина и просторно планирање. Основна цел на проектот е да се создаде основа за примена на вештачки пловечки острови (ВПО; Artificial Floating Icelands-AFI) како природно базирано решение за справување со еутрофикацијата на Охридското Езеро. Проектот опфати анализа на приоритетни локалитети, изработка на стручна студија, мапирање на засегнати страни, анкета и фокус-група работилница.

17. Исто така, бара од државите членки, во консултација со Центарот за светско наследство и советодавните тела, да развијат корективни мерки, вклучително и рокови за нивното спроведување, за разгледување од страна на Комитетот за светско наследство на 48. сесија во 2026 година, имајќи предвид дека итната

потреба за заштита на доброто бара широка мобилизација за зачувување на исклучителната универзална вредност, вклучувајќи ја и можноста за впишување на Листата на светско наследство во опасност на 48. сесија, и да се пристапи кон итно и ефективно спроведување на сите неопходни корективни мерки врз основа на препораките од мисиите во 2020 и 2024 година и Стратегискиот план за рехабилитација, усвоен од двете држави.

Во согласност со претходните одлуки на Комитетот за светско наследство, државите членки изработија сеопфатен „Стратегиски план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион (2023 – 2030)". Овој документ, заедно со неговиот детален акциски план, е развиен и усвоен во консултација со Центарот за светско наследство и советодавните тела во периодот 2023/2024 година и претставува основната рамка за сегашното и понатамошното дејствување во заштитата на исклучителната универзална вредност (ИУВ) на доброто.

Во однос на точка 17 од Одлуката 47 COM 7B.54, со која Комитетот бара државите членки, во консултација со Центарот за светско наследство и советодавните тела, да развијат корективни мерки за разгледување на 48. сесија во 2026 година, државата известува дека развојот и спроведувањето на корективните мерки веќе се темелат на Стратегискиот план и неговиот акциски план. Планот претставува оперативна и програмска основа врз која се структурираат и имаат приоритет корективните мерки, вклучително мерките што произлегуваат од препораките на реактивните мониторинг-мисии од 2017, 2020 и 2024 година, со цел зачувување на ИУВ на доброто.

Имајќи ја предвид итната потреба од засилена мобилизација и координирана, мерлива имплементација, во декември 2025 година Владата на Република Северна Македонија воспостави конкретни механизми и одговорности за системско спроведување на реформите предвидени во Стратегискиот план, како и за подготовка и усогласување на корективните мерки во тесна координација со Центарот за светско наследство и советодавните тела. Во таа смисла, формиран е Централизиран кризен координативен штаб за имплементација на Стратегискиот план, кој функционира директно како тело на Владата и работи под нејзини инструкции. Штабот започна да работи во јануари 2026 година и е координиран од министерот за култура и туризам, со мандат да обезбеди координирано, системско и мерливо спроведување на реформите и приоритетите за заштита на ИУВ.

Паралелно, Владата иницираше правно и планерско зајакнување на заштитата на клучните природни атрибути и управувањето со просторните притисоци. Во делот на природната заштита, се работи на подготовка на предлог-законски решенија за прогласување на Студенчишко Блато за заштитено подрачје (парк на природата) и за

прогласување на Охридското Езеро за заштитено подрачје (споменик на природата), како основа за поефективна правна заштита, управување и контрола на ризиците врз природните компоненти на доброто. Во делот на просторното планирање, се преземаат активности за подготовка на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежниот појас на Охридското Езеро, како и за доставување на релевантната документација до Центарот за светско наследство заради соодветно информирање и консултирање, во согласност со очекувањата на Комитетот.

Со цел да се воспостави мерлива основа за справување со нелегалната градба, на локално ниво се работи на ажурирана, сеопфатна инвентаризација на бесправно изградени објекти на територијата на општините Охрид, Струга и Дебрца, при што резултатите се консолидираат на национално ниво преку надлежните институции. Овој чекор е клучен предуслов за утврдување на опсегот, приоритетноста и дефинирањето на конкретни корективни мерки поврзани со елиминација или ублажување на негативните влијанија врз атрибутите на ИУВ.

Во смисла на зајакнување на управувачката рамка и правната заштита на најчувствителните културни зони, се работи на подготовка на предлог-законски измени и дополнувања на Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење, како и на подготовка на Предлог-закон за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион. Овие решенија се насочени кон појасни правила, засилена координација на надлежностите и поефективно управување со интервенциите што можат да влијаат врз културните и природните атрибути на доброто.

Понатаму, во насока на барањето корективните мерки да се развиваат во тесна координација со релевантните партнери, Владата го овласти Министерството за култура и туризам итно да иницира консултации во текот на периодот јануари – јули 2026 година со меѓународни организации и здруженија, вклучително и Центарот за светско наследство и советодавните тела, како и со други релевантни меѓународни партнери, за соработка и техничка поддршка за имплементација на Стратегискиот план. Имајќи го предвид прекуграничниот карактер на доброто, се иницираат консултации со Владата на Република Албанија за воспоставување систем за заедничко управување на високо политичко и техничко ниво, вклучително и усогласување на приоритетни активности, редовна размена на информации и координирано известување за напредокот до двете влади и до Центарот за светско наследство.

Конечно, Владата на Република Северна Македонија потврдува дека активностите за зачувување на природното и културното наследство на Охридскиот Регион се прашање од општ национален интерес и дека надлежните институции ги реализираат преземените задолжувања во рамки на расположливите буџетски средства, со цел да се обезбеди континуитет и оперативна способност за спроведување.

18. На крајот, бара од државите членки да достават до Центарот за светско наследство, најдоцна до **1 февруари 2026** година, ажуриран заеднички Извештај за состојбата со заштитата на доброто и имплементацијата на горенаведеното, за разгледување од страна на Комитетот за светско наследство на неговата 48. сесија.

***

Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО, делот кој се однесува на Република Северна Македонија, беше усвоен од Владата на Република Северна Македонија на 146. седницата одржана на 27 јануари 2026 година (бр. 57-1198/3 од 28.01.2026 година).

Државата членка Република Северна Македонија дава согласност овој Извештај за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион да биде објавен на веб-страницата на Центарот за светско наследство на УНЕСКО.

Потпис на овластеното лице:

**Влада на Република Северна Македонија**

**Зоран Љутков**
**министер за култура и туризам**
**претседател на Националната комисија за УНЕСКО**
**на Република Северна Македонија**

Анекс 1

Република Северна Македонија
**Министерство за транспорт**
Сектор за уредување на просторот

06. 10. 2025 година

Архивски број: 21-6968/3

**До:** **Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Плоштад Пресвета Богородица" бр. 3, 1000 Скопје**

**Предмет: Доставување Акти**

Почитувани,

Постапувајќи согласно член 65 од Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.89/22 и 171/22), ги изработивме и Ви ги доставуваме Одлуката за Спроведување на стратегиска оцена и формуларот кои се однесуваат на Изградба на патен коридор 8, делница на автопат: Требеништа – Струга – Франгово), општина Струга и општина Дебрца на Ваша понатамошна надлежност согласно законската регулатива

Вашето мислење, Ве молиме да ни биде доставено во законски утврдениот рок како би можеле да ја продолжиме постапката.


Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за транспорт**
Сектор за уредување на просторот

Во прилог ви доставуваме:

- Одлука за Спроведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина
- Формулар за определување на потребата од Спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина;

Ви благодариме за соработката.

Со Почит,

**МИНИСТЕР**
**АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ**

Подготвил: Њомза Идризи, миа

Одобрил: Весна Андриевска,диа
Раководител на Сектор за уредување на просторот


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 и 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 и 03/25), Министерството за транспорт на ден 06.10.2025 донесе:

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

За планскиот документ, Патен коридор за Коридор 8, ДЕЛНИЦА НА АВТОПАТ: ТРЕБЕНИШТА – СТРУГА – ФРАНГОВО), Општина Струга и Општина Дебрца , што е усвоен од страна на Владата на Република Северна Македонија, и дел од **З А К О Н ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЈАВЕН ИНТЕРЕС И НОМИНИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИ ПАРТНЕР ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРНИОТ КОРИДОР 8 (ДЕЛНИЦА: ТЕТОВО – ГОСТИВАР – БУКОЈЧАНИ И ПРОЕКТОТ ЗА АВТОПАТОТ ТРЕБЕНИШТА –СТРУГА – ЌАФАСАН) И КОРИДОРОТ 10 д (ДЕЛ- НИЦА НА АВТОПАТОТ ПРИЛЕП– БИТОЛА) ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** (Сл. Весник Бр.163 од 16 Јули 2021год), потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, во согласност со член 65 од Законот за животната средина.

Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ, Патен коридор за Коридор 8, ДЕЛНИЦА НА АВТОПАТ: ТРЕБЕНИШТА – СТРУГА – ФРАНГОВО), Општина Струга и Општина Дебрца, се определуваат: Министерство за транспорт, Министерство за животна средина и просторно планирање, Агенција за планирање на просторот, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Општина Дебрца, Општина Струга, Државен инспекторат за животна средина, регионални и локални невладини организации, локални бизнис заедници и стопанските комори, локални земјоделци и земјоделски здруженија итн.

За планскиот документ, Патен коридор за Коридор 8, ДЕЛНИЦА НА АВТОПАТ: ТРЕБЕНИШТА – СТРУГА – ФРАНГОВО), Општина Струга и Општина Дебрца се очекува да има влијание врз животната средина.

Обемот на Извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: идентификација на можните влијанија врз медиумите и областите на животната средина: воздух, површински и подземни води, почва, бучава, управување со отпад, природа и биолошка разновидност, климатски промени, здравје на луѓето и социо-економски аспекти и врз културното наследство. Во извештајот треба да се предвидат мерки за надминување на сите идентификувани влијанија, како и да се утврдат мерки за следење на влијанијата.

Одлуката заедно со формуларот за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на интернет страната на Министерството за транспорт, www.mtc.gov.mk.

Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 21-6968/1

Датум: 06.10.2025

Место: Скопје

Министер,

Александар Николоски

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | ИЗГРАДБА НА ПАТЕН КОРИДОР 8, ДЕЛНИЦА НА АВТОПАТ: ТРЕБЕНИШТА – СТРУГА – ФРАНГОВО), Општина Струга и Општина Дебрца |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Министерство за Транспорт |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министерство за Транспорт |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Мартина Бликова Дончевска |
| **Назив на работното место** | Експерт за животна средина |
| **Контакт податоци за лицето** | Компанија за консултантсво во животната средина<br>Г – Консулт<br>+389 70 443 054 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Патниот коридор за изградба на Коридор 8 , ДЕЛНИЦА НА АВТОПАТ: ТРЕБЕНИШТА – СТРУГА – ФРАНГОВО), Општина Струга и Општина Дебрца е дефиниран во Договорот склучен помеѓу Министерство за транспорт на РСМ и Јавното претпријатие за државни патишта (Инвеститор) и Бехтел Енка УК2 Лимитед – Подружница во РСМ, Скопје (Стратешки партнер), во име и за сметка на Владата на Република Северна Македонија, врз основа на **Законот за за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (Делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа –Струга – Ќафасан) и Коридорот 10д (Делница на автопатот Прилеп–Битола) во Република Северна Македонија** (Сл. Весник Бр.163 од 16 Јули 2021год) | | | |
| **Дали се донесува нов проектен опфат или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| ДА ☒<br>НЕ ☐ | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки проектен опфат наведете го називот на стариот проектен опфат и причините за негово изменување?** | | | |
| / | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| Да, планскиот документ опфаќа област согласно член 65, став 2 – плански документ од областа Транспорт. | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** | | | |
| **Да** ☒<br>**Не** ☐ | **Член:** 3 | **Точка:** 7 | **Алинеја:** 3 |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.**<br>Да, со планскиот документ се планира ИЗГРАДБА НА ПАТЕН КОРИДОР 8, ДЕЛНИЦА НА АВТОПАТ: ТРЕБЕНИШТА – СТРУГА – ФРАНГОВО) , Општина Струга и Општина Дебрца. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.**<br>Не. | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**<br>Целта на планскиот документ е изработка на условите и начинот на изградбата на делницата Требеништа-Струга-Франгово. | | | |
| **Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.).**<br>Транспорт. | | | |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.**<br>/ | | | |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**<br>/ | | | |

**Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).**

Планскиот опфат на ИЗГРАДБА НА ПАТЕН КОРИДОР 8, ДЕЛНИЦА НА АВТОПАТ: ТРЕБЕНИШТА – СТРУГА – ФРАНГОВО) , Општина Струга и Општина Дебрца,, ќе се реализира на територијата на Општина Дебрца и Општина Струга, кои се наоѓаат во југозападниот дел на Република Северна Македонија. Вкупната должина на делницата изнесува 13.5 km. Почетната точка на трасата е лоцирана северозападно од населбата Требеништа, во близина на трасата Кичево – Охрид (дел од постојниот автопат А2 кој е во изградба), додека крајната точка е позиционирана меѓу селата Франгово и Калишта, северно од локалниот пат кој ги поврзува овие населени места со А2 и патот Р1208.



| |
|---|
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да☒<br>Не☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☐<br>Не ☒ |
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени проектен опфати би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето).** |
| Проектот за изградба на автопатот Требеништа – Струга – Франгово ќе има различни влијанија врз животната средина и локалната заедница во текот на неговата реализација. Во **подготвителната и градежната фаза**, главните влијанија се очекуваат од емисија на прашина, издувни гасови, бучава, вибрации и потенцијално загадување на водите и почвата, особено во чувствителните подрачја. Дополнително, може да дојде до уништување на природни живеалишта и нарушување на биодиверзитетот, како и до зголемено производство на отпад. Од клучно значење е соодветното управување со отпадот, заштитата на водите и примената на мерки за ублажување и превенција.<br>Во оперативната фаза, автопатот ќе придонесе за зголемен сообраќај и со тоа континуирани емисии на бучава, издувни гасови и загадени атмосферски води. Овие влијанија се долгорочни и можат да имаат последици врз човековото здравје, земјоделството, водните тела и фауната. Се предвидуваат и визуелни ефекти врз пределот, фрагментација на живеалишта и зголемена смртност на животни од судири со возила. |

| | |
|---|---|
| Сепак, проектот носи и значителни **позитивни влијанија**: отворање нови работни места, унапредување на транспортната поврзаност и регионалниот економски развој, зголемена поврзаност со Република Албанија и нови можности за туризам и инвестиции. Соодветно управување и следење на еколошките и социјалните аспекти ќе бидат клучни за намалување на ризиците и зголемување на придобивките за населението и животната средина.<br>Локацијата на проектот се наоѓа во подрачје со статус на заштита според УНЕСКО, што налага усогласување со сите релевантни услови и критериуми утврдени од организацијата. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Во **фазата на подготовка и изградба** на автопатот, влијанијата врз животната средина се со **висока веројатност**, поради сигурното појавување на бучава, прашина, емисии од механизација и нарушување на природните површини. Овие влијанија се **краткорочни до среднорочни**, односно траат колку и самата изградба. **Фреквентноста е висока**, бидејќи активностите се интензивни и континуирани во текот на денот. Поголемиот дел од влијанијата се **повратни**, доколку се преземат соодветни мерки за санација и рекултивација, но кај одредени компоненти, како деградацијата на почвата и сеча на шумска покривка, може да се јават и **неповратни ефекти**.<br><br>Во **оперативната фаза**, веројатноста за влијанија останува **средна до висока**, особено поради континуираниот сообраќај и емисиите на издувни гасови и бучава. Влијанијата се **долгорочни**, бидејќи траат во текот на целиот век на користење на автопатот. **Фреквентноста** е **континуирана**, со постојано присуство на сообраќај и поврзани влијанија. Повратноста на влијанијата е **ограничена** – некои влијанија можат да се ублажат преку технички и еколошки мерки (огради за бучава, зелен појас), но другите, како фрагментација на живеалишта и визуелни промени во пејзажот, се **неповратни**. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Кумулативната природа на влијанијата се однесува на тоа дека ефектите од изградбата и функционирањето на автопатот не се појавуваат изолирано, туку се надоврзуваат на постојните и очекуваните влијанија од други инфраструктурни, индустриски и земјоделски активности во регионот. Овие влијанија, иако поединечно можат да изгледаат умерени, во збир можат да предизвикаат значајно влијание – како негативно, така и позитивно – врз животната средина и здравјето на населението.<br>Во однос на **негативните кумулативни влијанија**, тие можат да се манифестираат преку зголемена емисија на штетни гасови, акумулација на бучава, деградација на природни хабитати, ерозија на почви и фрагментација на екосистемите. Дополнително, комбинацијата од повеќе проекти може да доведе до поголем притисок врз водните ресурси, нарушување на биолошката разновидност и зголемен ризик од поплави или лизгање на терен. Од аспект на здравјето, изложеноста на акумулирани загадувачи (воздушни, бучавни, хемиски) може да доведе до долгорочни штетни ефекти врз респираторниот и кардиоваскуларниот систем, особено кај чувствителните категории на население.<br>Од друга страна, **позитивните кумулативни влијанија** се поврзани со подобрување на пристапноста и поврзаноста на населението со поголемите економски и здравствени центри, што може да го олесни пристапот до медицински услуги, образование и пазар на труд. Исто така, со изградбата на патишта кои ги заобиколуваат населените места, можно е да се намали сообраќајниот метеж и локалното загадување во урбаните средини. |

| | |
|---|---|
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Да, од изградбата на автопатот Требеништа – Струга – Франгово ќе има прекугранични влијанија. Овој проект ќе ја подобри сообраќајната поврзаност и соработката меѓу Северна Македонија и Албанија, што ќе донесе позитивни економски и социјални ефекти за двете страни. Подобрениот транспортен коридор ќе овозможи побрз и полесен проток на стоки и луѓе, ќе ја зголеми регионалната поврзаност и ќе придонесе кон развојот на прекуграничната соработка и стабилност. Успешната реализација на проектот во голема мера зависи од ефективната соработка со Република Албанија и од навременото усогласување со нивниот проектен тим одговорен за националниот сегмент на коридорот. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Несреќите при изградбата и користењето на автопатот Требеништа – Струга – Франгово можат да предизвикаат сериозни последици по здравјето и животната средина. Во градежната фаза, главни ризици се повреди на работниците од тешка механизација, паѓања, експлозии и хемиски истекувања, кои можат да влијаат и на населението. Загадувањето од истекување горива и хемикалии може да го оштети квалитетот на почвата и водите, со долгорочни ефекти врз екосистемите.<br>Во оперативната фаза, ризиците главно се однесуваат на сообраќајни незгоди кои со потребни мерки како обуки за безбедност, планови за управување со ризици, контрола на сообраќајот и сигнализација за минимизирање на овие ризици и заштита на луѓето и животната средина, ќе се намалат или целосно избегнат. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | "ПРОЕКТНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА НА ПАТЕН КОРИДОР 8, ДЕЛНИЦА НА АВТОПАТ: ТРЕБЕНИШТА – СТРУГА – ФРАНГОВО", Општина Струга и Општина Дебрца (км 0+000 – км 13+900) ќе се реализира на територијата на Општина Дебрца и Општина Струга, кои се наоѓаат во југозападниот дел на Република Северна Македонија. Делницата Требеништа-Струга-Франгово е поделена на 3 подсекции од кои првата, 3А се протега од км 0+000 до км 8+000, додека втората подсекција 3Б1 продолжува од км 8+000 до км 13+500. Површината на планскиот опфат на овие две подделници зафаќа должина од 13.5 km. Со површина од 424 km², општина Дебрца опфаќа 30 населени места и има приближно 3.719 жители. Општина Струга зафаќа површина од 5.073 хектари, со брегова линија што опфаќа една третина од вкупната должина на Охридското Езеро. Територијата вклучува градот Струга и околу 50 населени места. Во општината Струга живеат 15.009 жители. |

**Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:**
Изградбата на автопатот ќе придонесе за зголемување на вработувањата и поддршка на локалните бизниси (како маркети и ресторани). Иако градежните активности нема да имаат значителен директен негативен ефект врз здравјето, постои ризик од сообраќајни незгоди и инциденти како истекување гориво или пожари. Проектот ќе го подобри транспортот до индустриските зони, овозможувајќи побрз и поефикасен транспорт.
Потенцијалните економски и социјални влијанија од планскиот документ се очекува да бидат значајни и позитивни. Подобрувањето на сообраќајната инфраструктура ќе овозможи значително унапредување на комуникацијата и зголемување на економската размена во регионот, што ќе влијае на развојот на локалното стопанство и регионалната економија. Со скратување на времето за патување и зголемување на безбедноста, ќе се отворат нови можности за инвестирање и развој на пратечка инфраструктура, како и на други проекти со голем опфат. Проектот исто така ќе ја зајакне

стратешката поврзаност со Република Албанија, овозможувајќи подобра прекугранична соработка, олеснување на трговските врски и зголемување на туризмот и размената меѓу двете страни. За локалното население, проектот ќе придонесе кон намалување на бариерите во комуникацијата и подобрување на пристапот до услуги, работни места и земјоделско земјиште, што ќе ја подобри нивната социјална и економска благосостојба.

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**

Областа засегната со изградбата и користењето на автопатот е значајна и ранлива, особено поради присуството на природни живеалишта и делови од Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, кој е под заштита на УНЕСКО. Во фазата на изградба се очекува губење на тревни површини и вегетација, нарушување на почвата и миграција на животни поради механичките работи и бучавата. Во оперативната фаза, патот може да предизвика фрагментација на живеалишта, зголемена смртност на животни од судири, појава на инвазивни видови, како и хемиско и светлосно загадување. За ублажување на овие влијанија, се предлага избор на оптимална траса, изградба на еколошки пропусти за премин на животни, мониторинг на фауната и еколошко одржување на зелените појаси. Состојбата на Охридскиот регион е ранлива поради неконтролирана урбанизација, туризам и недостаток на соодветна заштита, што е потврдено со извештаите на УНЕСКО, кои укажуваат на важноста од имплементација на препорачаните мерки за заштита и одржлив развој поврзан со овој проект.

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Во заштитеното УНЕСКО подрачје во Општина Дебарца и Општина Струга се наоѓаат важни археолошки локалитети и културни споменици, при што во подготвителната и конструктивната фаза постои ризик од оштетување на артефакти и можни застои на проектот, па затоа ќе се изработи детален извештај за влијанијата врз културното наследство; во оперативната фаза не се очекуваат значајни негативни влијанија, а патот ќе овозможи подобра пристапност и поголема видливост на овие споменици. Еден од најзначајните локалитети е некрополата кај Требениште, каде се пронајдени прочуените „Златни маски". Во случај на наоѓалишта при градежните работи, ќе се применат сите законски процедури за заштита на културното наследство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности се случуваат кога концентрациите на загадувачки материи во воздухот, водата, почвата или нивото на бучава и вибрации ги надминуваат законски утврдените лимити, што може да предизвика негативни ефекти врз здравјето на луѓето, екосистемите и животната средина. Во проектот за изградба и функционирање на автопатот Требеништа – Струга – Франгово, ваквите надминувања можат да се јават како последица на емисии на прашина (PM10, PM2.5), издувни гасови (NOx, CO, $SO_2$), испарливи органски соединенија и други загадувачи во воздухот, како и заматување и хемиско загадување на површинските и подземните води од седименти, горива и хемикалии. Дополнително, може да се случи контаминација на почвата со тешки метали и други штетни материи, како и надминување на дозволените нивоа на бучава и вибрации, особено во близина на населени места и чувствителни екосистеми. За да се спречат овие надминувања, проектот предвидува спроведување на детална ОВЖС со предвидување на превентивни и ублажувачки мерки, континуиран мониторинг и контрола, со цел да се минимизираат влијанијата и да се обезбеди заштита на здравјето на луѓето и животната средина. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Земјиштето на кое е планиран проектниот опфат е класифицирано како различни намени за кои треба пренамена и експропријација за да може да се отпочне со градба. |

| | |
|---|---|
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја подрачја.** | Влијанијата врз национално и меѓународно заштитените подрачја во поширокиот регион на трасата на автопатот А2, делница Требеништа – Струга – Франгово, се од голема важност поради близината на исклучително вредниот Охридски регион, кој е под заштита на УНЕСКО и има висока еколошка и конзервациска вредност. Иако самата траса не поминува низ формално прогласени заштитени подрачја, влијанијата врз нив може да бидат индиректни, поради близината на Охридското Езеро, Рамсарскиот локалитет, Прекуграничниот биосферен резерват Охрид – Преспа и други меѓународни и национални заштитени површини. Поради тоа, во текот на градежните активности и експлоатацијата на автопатот треба да се применуваат принципи на претпазливост и високи еколошки стандарди, како и да се разгледуваат алтернативи кои минимизираат влијанија врз овие значајни природни и културни вредности. Дополнително, регионот е дом на важни биолошки жаришта, како Important Plant Areas (IPAs), Important Bird Areas (IBAs) и Prime Butterfly Areas (PBAs), кои бараат внимателно планирање и заштита. Трасата започнува со премин преку каналот на реката Сатеска, се движи паралелно со старото корито на истата река, и ја преминува реката Црн Дрим. Бидејќи реката Сатеска е дел од сливот на Охридското Езеро, потребно е особено внимание при изведбата. Сите овие фактори укажуваат на потребата од интегриран и внимателен пристап во реализирањето на проектот, со цел да се зачуваат уникатните природни и културни атрибути на регионот и да се намалат потенцијалните негативни влијанија врз животната средина и локалните заедници. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

За содржините предвидени во планскиот опфат на ниво на проектна документација ќе се изработува СОВЖС студија (доколку се утврди потреба), односно Стратегиска оцена на влијанија врз животната средина и студија за ОВЖС – Оцена на влијанија врз животната средина.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Изградбата и функционирањето на автопатот Требеништа – Струга – Франгово може да предизвика значајни влијанија врз животната средина и локалната заедница. Во градежната фаза, интензивните активности како расчистување на вегетација, земјени работи, ископи, транспорт и работа на тешка механизација ќе резултираат со емисии на прашина (PM10, PM2.5), издувни гасови (CO, NOx, $SO_2$), испарливи органски соединенија и аеросоли, што ќе го наруши квалитетот на амбиентниот воздух и ќе има негативен ефект врз здравјето на луѓето и екосистемите. Овие активности ќе предизвикаат деградација и ерозија на почвата, отстранување на плодниот слој, физичко и хемиско загадување од горива, масла и градежен отпад, како и геотехнички нестабилности на теренот. Градежните работи ќе влијаат и врз површинските и подземните води преку заматување, транспорт на седименти и можни истекувања на загадувачки материи, со ризик за водните екосистеми, особено поради пресекувањето на речни корита и други водни тела. Управувањето со отпадот во сите фази е критично за спречување дополнително загадување на почвата, водите и воздухот. Во градежната и оперативната фаза, активностите ќе предизвикаат значително зголемување на бучава и вибрации, кои ќе влијаат врз човечкото здравје и животните, нарушувајќи го нивното нормално однесување и просторна ориентација. Фрагментацијата на живеалиштата ќе го ограничи движењето на дивите видови, а ризикот од сообраќајни удари ќе го загрози нивниот опстанок. Визуелните ефекти ќе го променат карактерот на пејзажот, со влијание врз туристичката атрактивност и идентитетот на регионот. Од аспект на социјалните елементи, изградбата ќе донесе зголемување на вработувањата и економски активности, но истовремено ќе претставува ризик за здравјето поради изложеност на прашина, бучава и можно загадување. Особено значајно е влијанието врз културно-историското наследство во рамките на УНЕСКО-заштитената област, каде што треба да се преземат мерки за

заштита и мониторинг на археолошките локалитети. Соодветното планирање, мониторинг и примена на превентивни и мерки за ублажување се неопходни за минимизирање на овие влијанија и за заштита на природната и социјалната средина во регионот.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**

Планскиот документ за изградбата на автопатот Требеништа–Струга–Франгово е од суштинско значење за вклучување на аспектот на заштита на животната средина и промовирање на одржливиот развој, особено поради обемот и влијанието на проектот. Како дел од државниот пат А2 и Паневропскиот коридор VIII, оваа инфраструктурна инвестиција има потенцијал да обезбеди значително економско и сообраќајно подобрување. Вклучувањето на еколошките мерки во планскиот документ е неопходно за да се минимизираат негативните влијанија, да се зачува природната средина и да се обезбеди хармоничен развој кој не ги загрозува екосистемите и здравјето на локалното население. Обемот на планскиот документ овозможува систематски пристап кон идентификација и управување со еколошките ризици, што придонесува кон одржливост преку намалување на потенцијалните еколошки проблеми и обезбедување на долгорочно позитивни ефекти од подобрената транспортна инфраструктура. На овој начин, модернизацијата на патниот коридор ќе биде реализирана на начин кој ги усогласува економските потреби со заштитата на животната средина, овозможувајќи одржлив развој и зголемување на квалитетот на живот во регионот.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Планскиот документ за изградба на автопатот Требеништа – Струга – Франгово носи значајни еколошки предизвици кои треба да се разгледаат при планирањето и имплементацијата. Градежните активности и зголемениот сообраќај можат да предизвикаат загадување на воздухот и почвата, ерозија, како и деградација на земјоделските површини. Загадувањето на водните екосистеми е особено критично поради близината на Охридското Езеро, каде што седиментите и хемикалиите можат да го нарушат квалитетот на водата. Бучавата и вибрациите од градежната механизација и идниот сообраќај ќе влијаат негативно на здравјето на населението и биодиверзитетот, додека фрагментацијата на живеалиштата ќе го ограничи движењето на дивите животни во заштитените подрачја. Исто така, постои ризик од оштетување на археолошките локалитети, што може да го забави проектот. Без соодветни еколошки мерки, овие влијанија може да се интензивираат, да ја нарушат животната средина и да предизвикаат отпор кај локалната заедница, што ќе доведе до одложување на реализацијата. Меѓутоа, со имплементација на ефективни мерки за контрола на емисиите, управување со водите, намалување на бучавата и зачувување на природните коридори, негативните ефекти може значително да се ублажат. Дополнително, подобрувањето на инфраструктурата има потенцијал за позитивен економски развој и подобрување на квалитетот на животот во регионот, што ја оправдува неопходноста од внимателен и одржлив пристап при спроведувањето на проектот.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и проектен опфат/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие проектен опфат/и и наведете ги клучните влијанија на тие проектен опфати врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот проектен опфат и другите проектен опфати кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Овој план е поврзан со:

- Просторен план на РМ;
- Просторен план за Охридско-Преспанскиот регион
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Закон за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп– Битола) во Република Северна Македонија

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други проектен опфати во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот проектен опфат.**

Предметниот опфат бил предмет на стратегиска оцена на животната средина за проектот за инфраструктура – изградба на државен пат А2, делница Требеништа – Струга, изработена под технички број 0903-974/5 од страна на Градежен институт „Македонија“ А.Д. – Скопје. Меѓутоа, бидејќи оцената е изготвена во 2015 година, а се очекува трасата да биде изменета и е изработена во 2015 година, оваа стратегиска оцена не може да се искористи во процесот на усвојување на актуелниот плански опфат.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој проектен опфат ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој проектен опфат се оценуваат во подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, ќе се обезбеди нивно соодветно земање предвид преку интегрирање на утврдените влијанија од оваа фаза во сите понатамошни документи и анализи за заштита на животната средина. Предметниот опфат е дел од заштитено УНЕСКО подрачје, што дополнително ја нагласува важноста од спроведување на темелна стратегиска оцена на животната средина, да се даде посебен осврт во анализите кои се однесуваат на населението (социо-економски аспект), воздух и климатски промени, вода, почва, биолошка разновидност, природно и културно наследство, предел, отпад, бучава, вибрации, несреќи и хаварии и сл.

Сите можни влијанија да се анализираат во градежна и оперативна фаза и да се предвидат мерки за нивно намалување или избегнување.

Сите потенцијални влијанија оценети во фазата на спроведување на СОЖС задолжително се земаат предвид при изготвување на ОВЖС, со можност за паралелно работење на двата документи. Од оцената на степенот на влијанието ке зависат и предложените мерки заштита во СОЖС и нивно спроведување во ОВЖС.

| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
|---|---|
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот**<br>21-6368/2<br>**Датум:** 06.10.2025<br>**Место:** | **Министер за транспорт**<br>Александар Николоски<br>**М.П.** |

Анекс 2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ
MINISTRIA E TRANSPORTIT
Бр-Nr. 18-6760/7
04.11. 2025 год-viti
Скопје - Shkup

ТЕХНО-БИТ ИНВЕСТ
Бр.: 0307/65
04.11.2025

ДОГОВОР

**За услуга за присилно административно извршување на правосилни управни акти и рушење на објекти**

Склучен на ден __________2025 година, помеѓу:

I.СТРАНИ НА ДОГОВОРОТ:

1. **Министерството за транспорт на Република Северна Македонија**, со седиште на **улица „Плоштад Црвена Скопска општина" број 4, 1000 Скопје** претставувано од **Министерот за транспорт Александар Николоски** (во понатамошниот текст „Нарачувач")

2.ВРШИТЕЛ НА УСЛУГАТА: **Друштво за земјоделство,производство, трговија,угостителство и услуги ТЕХНО-БИТ ИНВЕСТ ДООЕЛ експорт-импорт с.Сушица Гостивар, со седиште на ул: „н.м без уличен систем 1, претставувано од Управителот Душко Павловски**, (во понатамошниот текст: Вршител на услугата)

Член 1

Со овој Договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со извршување на услугите и тоа: **Услуга за присилно административно извршување на правосилни управни акти и рушење на објекти**, согласно Одлуката за јавна набавка број 18-6760/1 од 18.09.2025 година, по спроведена отворена постапка со оглас број 17255/2025 од 22.09.2025 година и Одлуката за избор на најповолна понуда број 18-6760/5 од 27.10.2025 година.

II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Предмет на овој Договор е набавка на услуги и тоа: Услуга за **присилно административно извршување на правосилни управни акти и рушење на објекти**, согласно прифатената понуда доставена преку Електронскиот систем за јавни набавки, согласно техничките спецификациии од тендерската документација и тендерската документација број од 22.09.2025 година, кои се составен дел на овој Договор.

## III.ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Двете договорни страни се согласни дека вкупната вредност на договорот нема да го надмине износот од 5.000.000,00 денари без пресметан ДДВ, ДДВ од 18% во износ од 900.000,00 денари, односно 5.900.000,00 денари со пресметан ДДВ, утврден со Одлуката за јавна набавка бр.18-6760/1 од 18.09.2025 година.

Двете договорни страни се согласни дека износот утврден во ставот 1 од овој член не е обврзувачки и истиот не мора да биде исполнет во целост.

Единечните цени за извршување на предметната услуга дадени во понудата доставена преку Електронскиот систем за јавни набавки на ден 21.10.2025 година, се фиксни и непроменливи за целото времетраење на договорот.

## IV.ВРЕМЕТРЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Договорот се склучува за период од 1 (една) година, сметано од денот на неговото склучување или до целосно исцрпување на средствата на Договорот.

## V. РОК И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ

**Член 5**

Вршителот на услугата е должен во рокот од 3 (три) дена од денот на добивање на писмено барање да отпочне со вршење на конкретните услуги/работи предмет на овој Договор на начин утврден во писменото барање на Нарачувачот.

## VI. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 6**

Нарачувачот се обврзува плаќањето на Вршителот на услугата да го изврши по извршена услуга/работа комплетирана со потребната документација во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата со прилог работен налог во писарницата на Министерство за транспорт.

## VII. ОБВРСКИ НА ВРШИТЕЛОТ НА УСЛУГАТА

**Член 7**

Вршителот на услугата е должен да отпочне со вршење на конкретните услуги кои се предмет на овој Договор во рок од 3 дена од денот на добивање на писмено барање од страна на Нарачувачот.

Вршителот на услугата е должен да ја врши услугата на начин утврден во поединечниот писмен налог доставен од страна на Нарачувачот.

**Член 8**

Вршителот на услугата е должен по завршување на конкретната услуга согласно поединечниот писмен налог да достави писмено известување до Нарачувачот.

## VIII. ОБВРСКИ НА НАРАЧУВАЧОТ

**Член 9**

Нарачувачот се обврзува да го извести Вршителот на услугата за денот на рушење до три дена однапред со доставување на писмено барање.

Нарачувачот се обврзува, во рок од три (3) дена од денот на доставување на барањето, да го извести Вршителот на услуга за: микролокација, предмет на уривање, датум и час на отпочнување на работите, рок за завршување на работите, ангажирање на потребна работна рака, ангажирање на потребна механизација, изработка на елаборат/проект за уривање, отстранување и депонирање на градежниот материјал.

Нарачувачот се обврзува да ги изврши сите потребни дејствија за да биде возможно извршувањето на предметот на набавката, односно да го извести вршителот на услугата правовремено за видот на објектите, нивната големина и технички карактеристики и потребната динамика на вршење на работите.

Нарачувачот се обврзува да му обезбеди на Вршителот на услугата асистенција од МВР и обезбеден и несметан фронт за вршење на услугите и да обезбеди присуство на свое овластено лице.

## IX. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 10**

Во случај на доцнење со извршување на предметот на договорот од страна на Вршителот на услугата, Нарачувачот има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорните страни се согласни во случај Вршителот на услугата да не ја изврши услугата која е предмет на овој договор, истиот е должен да му плати на Нарачувачот договорна казна во висина од 2% од вкупната цена определена со член 3 од овој Договор, за секој ден на доцнење.

Договорната казна не може да надмине 5% од вкупната цена определена со член 3 од овој Договор

## X. ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИ

**Член 11**

Нарачувачот кој навремено и уредно го известил Вршителот на услугата за недостатокот може:

1) да бара од Вршителот на услугата да го отстрани недостатокот или да бара извршување на друга услуга и без недостаток (исполнување на договорот);

2) да изјави дека го раскинува договорот.

Во секој од овие случаи Нарачувачот има право и на надомест на штетата.

Покрај тоа и независно од тоа, Вршителот на услугата му одговара на Нарачувачот и за штетата што овој поради недостаток на услугата/те ја претрпел на другите свои добра и тоа според општите правила за одговорноста за штета.

## XI. ОБЕШТЕТУВАЊЕ

**Член 12**

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнила на време.

**Член 13**

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

**Член 14**

Договорната страна има право на надомест на обичната штета и испуштената корист, кои другата договорна страна морала да ги предвиди во време на склучувањето на договорот како можни последици од повреда на договорот, со оглед на фактите што тогаш и биле познати или морале да и бидат познати.

Во случај на измама или намерно неисполнување, како и неисполнување поради крајно невнимание, договорната страна има право да

бара од другата договорна страна надомест на целокупната штета што настанала поради повреда на договорот, без оглед на тоа што другата договорна страна не знаела за посебните околности поради кои настанале тие.

Ако при повреда на обврската, покрај штетата, за договорната страна настанала и некоја добивка, при определувањето на висината на надоместокот за неа ќе се води сметка во разумна мера.

Страната што се повикува на повреда на договорот е должна да ги преземе сите разумни мери за да се намали штетата предизвикана од таа повреда, инаку другата страна може да бара намалување на надоместокот.

**Член 15**

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена на време.

## XII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 16**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## XIII. ВИША СИЛА

**Член 17**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XIV. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 18**

Сите спорови кои ќе произлезат од овој договор или во врска со него, ќе се решаваат пред надлежниот суд.

## XV. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 19**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

## Член 20

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе и остави примерен дополнителен рок од 2 дена за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.

## Член 21

Нарачувачот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Вршителот на услугата, дополнителен рок за исполнување ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

## Член 22

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање

## Член 23

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

## Член 24

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

Ако една страна го извршила договорот целосно или делумно има право да и се врати она што го дала.

Ако двете страни имаат право да бараат враќање на даденото, заемните враќања се вршат според правилата за извршувањето на двостраните договори.

Секоја страна и должи на другата надомест за корист што во меѓувреме ја имала од она што е должна да го врати, односно да го надомести.

## Член 25

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да гиземе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

## XVI. ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 26

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма ако се потпишани од двете договорни страни, а во согласност со Законот за јавни набавки.

### Член 27

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

### Член 28

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока.

| НАРАЧУВАЧ: | ВРШИТЕЛ НА УСЛУГАТА: |
|---|---|
| **Министерство за транспорт** | **Друштво за земјоделство,производство, трговија,угостителство и услуги ТЕХНО-БИТ ИНВЕСТ ДООЕЛ експорт-импорт с.Сушица Гостивар** |
| **Министер** | **Управител** |
| **Александар Николоски** | **Душко Павловски** |

ТЕХНО-БИТ ИНВЕСТ ДООЕЛ

Изработиле: П.Митевски
Проовериле: А.Шареска
А.Ивановска (финансиски)
Љ.Петреска
Одобриле: Зухејр Реџепи
М.Павловска
С.Волкановски, Државен секретар